# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# RAPORTI VJETOR
# ANNUAL REPORT
# 2016



Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë
Macedonian Red Cross

# СОДРЖИНА:


ВОВЕД ........ 3

НАДГРАДБА НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА НАЦИОНАЛНОТО ДРУШТВО И МЕЃУНАРОДНА ПАРТНЕРСКА СОРАБОТКА ........ 4

ТРАНСПАРЕНТНИ ПРЕД ЈАВНОСТА ........ 8

ХУМАНИТАРНО ДЕЈСТВУВАЊЕ ........ 9

184 МАЛИ ПРОЕКТИ ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА-ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ (ЦКА-ПХВ) ........ 10

ВОЛОНТЕРСТВОТО ВО ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 11

ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ ........ 12

ХУМАНИТАРНА ПОДДРШКА ЗА МИГРАНТСКО НАСЕЛЕНИЕ ........ 15

ПОПЛАВИТЕ ВО МЕСЕЦ АВГУСТ 2016 ГОДИНА ВО СКОПСКИОТ И ТЕТОВСКИОТ РЕГИОН ........ 18

СОЦИЈАЛНО – ХУМАНИТАРНА ДЕЈНОСТ ........ 20

ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНА ДЕЈНОСТ ........ 26

ПРВА ПОМОШ ........ 29

КРВОДАРИТЕЛСТВО ........ 30

МЛАДИНСКИ АКТИВНОСТИ ........ 33

МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ ОД КОРПОРАТИВЕН СЕКТОР ........ 34

СЛУЖБА ЗА БАРАЊЕ ........ 36

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2016 ГОДИНА ........ 38




# ВОВЕД

*За да бидеш голем треба да правиш мали нешта кои ќе придонесат да се оствари позитивна промена во животот на луѓето. Црвениот крст на Република Македонија преку својата мрежа на општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје продолжи да биде присутен во секојдневието на луѓето кои се соочуваат со разни предизвици и преку своите волонтери успеа да ги разбуди насмевките кај луѓето кои веруваа дека се заборавени од сите. Црвениот крст даде придонес во промовирањето на волонтерски иницијативи кај најмладите за да ја разбуди нивната желба за хуманитарна работа и позитивен исчекор во нивниот живот. Ги учевме младите за позитивните вредности во животот и инициравме нивно здружување за реализација на позитивни практики во локалните средини.*

*Нашата организација даде посебен придонес во промовирање на безбедно живеење и спроведување на здравствено превентивни активности за заштита на животот и здравјето на населението. Го промовиравме крводарителството и ги учевме луѓето како да укажуваат прва помош. Најмладите ги учевме како да се заштитат од разни болести и меѓусебно да се почитуваат. Бевме и во селата и градовите и го учевме населението како да се справи со одредени здравствени предизвици кои се резултат на современиот живот.*

*Социјалните активности исто така беа суштински дел од нашата работа во изминатата година. Бевме со генерацијата во трето доба, бевме со децата на улица, со хендикепираните, социјалните случаи, бездомниците, осамените и раздвоените како резултат на миграциите. Заедно со нашите партнери од корпоративниот сектор, партнерските организации од Движењето и меѓународни агенции, обезбедивме значителна поддршка за најразлични иницијативи за подобрување на животот на различни категории на ранливо население.*

*Со големата поддршка која ни ја обезбедија партнерите и населението на Република Македонија бевме и со поплавените во Скопско и Тетовско и им помагавме кога им беше најтешко. Нашата поддршка за оваа целна група сеуште трае благодарение на обезбедените донации од партнерски организации. Нашите вработени и волонтери продолжија да бидат најблиските лица на кои може да сметаат мигрантите. Водеа грижа барем малку да им го подобрат секојдневието на мигрантите во прифатните центри и да ги задоволат најприоритетните потреби на ирегуларните мигранти кои продолжуваат под закрилата на надежта за побезбедна и подобра иднина да се движат нелегално по Балканската рута кон Западно-Европските земји.*

*Работевме и дисеминација, воспоставување на семејни врски и спасување на вода и планина. Бевме активни на подигањето на свеста на населението за климатските промени и намалување на ризиците од катастрофи. И уште многу други активности.*

*Ве покануваме низ страниците на нашиот годишен извештај да се запознаете со работата на Црвениот крст на Република Македонија во 2016 година, да прочитате за нашите остварувања, нашите предизвици и нашиот скромен придонес за подобро утре на илјадници луѓе кои беа корисници на нашите услуги.*

Др Милчо Трајков
Претседател

д-р Саит Саити
Генерален Секретар

# **НАДГРАДБА НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА НАЦИОНАЛНОТО** ДРУШТВО И МЕЃУНАРОДНА ПАРТНЕРСКА СОРАБОТКА

Развојните активности на националното друштво во 2016 година беа насочени на подобрување на капацитетите на организацијата и унапредување на квалитетот на услугите за различни категории на корисници на услуги. Активностите беа насочени на обезбедување на партнерска поддршка за програмите на националното друштво, унапредување на вештините и компетенциите на човечките ресурси, продлабочување на партнерската соработка на Црвениот крст во земјата и странство и инкорпорирање на нови развојни методологии во работа на националното друштво.

Годината ја одбележаа неколку поголеми операции за поддршка на погоденото население во државата од природни катастрофи пред се од поплавата во Скопскиот и Тетовскиот регион и операцијата за поддршка на мигрантското население кое транзитира или времено престојува во Република Македонија.  За таа цел насока беа реализирани повеќе меѓународни контакти и активности за обезбедување на меѓународна поддршка од партнерите. Дел од меѓународната поддршка беше насочена на подобрување на оперативните капацитети на нашето национално друштво за подобро справување  со сите предизвици.

Поважните активности кои се издвојуваат во делот на организација и развој и меѓународна соработка во 2016 год се следниве:

**Посета на делегација на Австриски Црвен крст.** Во периодот од 7 до 11 февруари делегација на Австриски Црвен крст го посети Црвен крст на Македонија во однос на подготовка на апликација за проект од Мадад Фондот на Европска Унија. За време на посетата реализирани се средби со повеќе меѓународни и домашни организации и државни институции и работено е на подготовка на проектна апликација за обезбедување на можна поддршка за мигрантското население во РМ.



**Меморандум за соработка со Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола.** Црвениот крст на Р. Македонија, претставуван од генералниот секретар д-р Саит Саити и Универзитет „Св.Климент Охридски“ – Битола претставуван од ректорот проф.д-р Сашо Коруновски, потпишаа меморандум за соработка на 16.03.2016 година, со кој уште еднаш се потврдува и зацврстува соработката помеѓу двете институции. Соработката ќе се одвива во доменот на промовирање и унапредување на доброволното крводарување, реализирање на активности од прва помош, унапредување на социјалната вклученост, промовирање на основните принципи на Движењето, реализација на активности за подигнување на јавната свест за заштита и самозаштита во случај на катастрофи и друго.



**Меморандум за соработка со МИТ Универзитет Скопје.** Црвениот крст на Република Македонија, претставуван од генералниот секретар д-р Саит Саити и МИТ Универзитет Скопје, претставуван од ректорот проф.д-р Маријан Стевановски на 30.03.2016 година потпишаа меморандум за соработка на двете институции. Дел од активностите што ќе се реализираат се промовирање и унапредување на доброволното крводарување, реализирање на активности од прва помош, унапредување на социјалната вклученост и култура на ненасилство и мир, промовирање на основните

принципи на Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, промоција на хумани вредности, реализација на активности за подигнување на јавната свест за заштита и самозаштита во случај на катастрофи и друго. Цел на овој Меморандум е да се поттикне образовниот систем во Република Македонија активно да партиципира во големиот број на акции кои ги спроведува Црвениот крст, кои се од хуманитарен карактер.

**Работна средба за миграции.** Во периодот од 30.03.2016 до 02.04.2016 двочлена делегација на Црвен крст на Република Македонија присуствуваше на координативен состанок за миграции во Виена, Австрија. Цел на состанокот беше размена на искуства за тековната операција за мигранти во Европскиот регион. Состанокот го организираше Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, Меѓународен Комитет на Црвен крст и Австриски Црвен крст. На состанокот се дискутираше за активности во доменот на здравствено превентивна грижа, воспоставување семејни врски, хуманитарна помош и логистика, грижа за целни заедници, и апел за миграции. Црвениот крст на РМ имаше презентација на тема здравствена грижа за мигранти во Република Македонија.



**Потпишан договор за соработка со Мировен Корпус.** Црвениот крст на Република Македонија, претставуван од генералниот секретар д-р Саит Саити и Мировен Корпус Македонија, претставуван од Директор на Мировен корпус Македонија Марк Ханафин на 05.05.2016 година потпишаа меморандум за соработка, со кој се искажуваат намерите на двете страни за соработка, преку реализирање на Програмата за развој на заедниците и назначување волонтери на Мировен корпус за реализирање на можна соработка и активности во општинските организации на Црвен крст за поддршка на различни целни групи.

**Координативна средба со секретари на општински организации на Црвен крст.** Во периодот од 29-31 мај во Струга се одржа консултативна работилница со секретарите на општинските организации на Црвен крст. На работилницата зедоа учество 32 претставници на општинските организации на Црвен крст. На работилницата беа дискутирани теми како што се мигрантската криза, волонтерски менаџмент, крводарителство, прва помош, унапредување на нормативната рамка на националното друштво и др.

**Признание од АРМ.** По повод одбележувањето на Денот на АРМ на 18 август, Началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија му додели на Генералниот секретар на Црвениот крст на Република Македонија д-р Саит Саити, Златна значка на Армијата на РМ за партнерство, координација и соработка со Црвениот крст на Република Македонија.

**Работна средба со Амбасадорот на Израел за Република Македонија.** На 19 септември 2016 година Црвениот крст на Република Македонија беше посетен од амбасадорот на Израел Дан Ориан. Високиот гостин беше примен од страна на претседателот на Црвен крст д-р Милчо Трајков и генералниот секретар д-р Саит Саити. За време на средбата беше презентирана работата на Црвениот крст на Република Македонија и беа дискутирани можности за воспоставување на соработка со Маген Давид Адом на Израел како и имплементација на заеднички активности, посебно помеѓу младите луѓе во насока на унапредување на мирот и толеранцијата и хуманите вредности кај младите. Амбасадорот Дан Ориан посебна благодарност истакна за реализираната соработка со Црвен крст на Република Македонија – општинска организација Битола при реализацијата на проектот за обновување на Еврејските гробишта во Битола.

**Студиска посета на Словенечки Црвен крст и Хрватски Црвен крст.** Во периодот од 08.09-12.09.2016 делегација на Црвен крст на Република Македонија оствари студиски посети на Словенечки Црвен крст и Хрватски Црвен крст. Цел на посетата беше размена на искуства и добри практики поврзани со операцијата за поддршка на мигранти на Балканската рута. Исто така за време на посетите беа разменети искуства за спроведувањето на програмските дејности во националните друштва и предизвиците со кои се соочуваат организациите во секојдневното работење поврзани со различни програмски дејности. Работните средби беа реализирани во Љубљана и Загреб во присуство на највисоките управни и раководни структури на организациите како и во присуство на стручните служби.

**Соработка со Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.** На ден 18.10.2016 година, Црвен крст беше посетен од делегација на Сојузот на здруженија на пензионери на Република Македонија предводена од претседателот г-дин Драги Аргировски. По повод јубилејот 70 години (1946-2016) од постоењето на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија претседателот на Сојузот, г-дин Драги Аргировски, му врачи плакета на генералниот секретар на Црвен крст на Р.М, д-р. Саит Саити за особен придонес на Црвениот крст во развојот на пензионерското организирање во Македонија.



**Билатерална посета на Хрватски Црвен крст.** Во периодот од 20 до 23 октомври Црвениот крст на Република Македонија беше посетен од висока делегација на Хрватски Црвен крст предводена од претседателот д-р Јосип Јелич. За време на посетата беа остварени повеќе работни средби со раководството и управата на националното друштво при што беше дискутирана тековната соработка и можностите за унапредување на соработката во претстојниот период. За време на престојот во Македонија гостите ја посетија централата на националното друштво, Црвен крст на град Скопје, Општинската организација на Црвен крст Охрид и Црвен крст Битола.

**Работилница со секретари на општински организации на Црвен крст.** Работилницата се одржа од 07-09.11.2016 и на неа зедоа учество секретари од 30 ООЦК и ЦКГ Скопје. Работилницата беше посветена на размена на видувања и предлози за програмско планирање во 2017 година, активности за партнерскиот состанок на ЦКРМ, споделување на наоди од процената и анализата на ООЦК, претставување на активностите за поддршка на мигранти кои транзитираат низ Република Македонија, активностите за поддршка на население погодено од поплавите во Скопско и Тетовско, претставување на нацрт верзија на Статутот на ЦКРМ, и редовна координативна средба на програмски содржини на ЦКРМ, како што се прва помош, крводарителство и други развојни содржини на организацијата.

**Потпишување на Меморандум за соработка со амбасадата на Република Франција.** На ден, 25.11.2016 година, Црвениот крст на Република Македонија, претставуван од генералниот секретар Саит Саити и Амбасадата на Република Франција во Македонија, застапувана од Амбасадор, Кристиан Тимоние, потпишаа меморандум за соработка, со кој уште еднаш се потврдува и зацврстува соработката помеѓу Црвениот крст на Република Македонија и Амбасадата на Франција на Македонија. За време на посетата, генералниот секретар Саит Саити даде краток преглед на тековните активности во Црвениот крст и беа разменети искуства за досегашната соработка, како и плановите и можностите за идна соработка помеѓу Црвениот крст на Република Македонија и Амбасадата на Франција на Македонија.





**Студиска посета на Австриски Црвен крст и Хрватски Црвен крст.** Во периодот од 07.12-12.12.2106 делегација на Црвен крст на Република Македонија оствари студиски посети на Австриски Црвен крст и Хрватски Црвен крст. Цел на посетата беше размена на искуства и добри практики поврзани со операцијата за поддршка на мигранти на балканската рута. Исто така за време на посетите беа разменети искуства за спроведувањето на програмските дејности во националните друштва и предизвиците со кои се соочуваат организациите во секојдневното работење поврзани со различни програмски дејности. Работните средби беа реализирани во Виена и Загреб во присуство на највисоките управни и раководни структури на организациите како и во присуство на стручните служби. Посебен акцент во дискусиите беше ставен на тековните операции за поддршка на мигранти.

**Седници на извршен одбор и собрание на ЦКРМ.** Во текот на 2016 година одржани се осум седници на извршниот одбор и две седници на собранието на националното друштво. На седниците беа разгледани и усвоени низа документи и одлуки од интерес за функционирањето на организацијата.

**Посети на претставници на Меѓународниот Комитет на Црвен крст и Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.** Во текот на годината во повеќе наврати националното друштво беше посетено од претставници на Меѓународниот Комитет на Црвен крст и Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина пред се заради успешна координација на операцијата за помош на мигрантското население кое престојува или транзитира низ Република Македонија.

**Процена и анализа на општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје.** Во периодот април – декември 2016 година беше спроведена четвртата Процена и анализа на работата на Црвен крст на Република Македонија за реализација на програмски активности на интегралните единици на организацијата за периодот 2012-2015. Проектот беше финансиран од Германскиот Црвен крст. Во рамки на проектот беа спроведени теренски посети на сите општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје и беа спроведени интервјуа и разговори со раководната и управната структура на локалните организации како и анкети во фокус групи со претставници на извршниот одбор, собрание, млади и волонтерите на организацијата. Исто така, за целите на проектот беше спроведена и анкета со надворешни партнерски организации на Црвениот крст во општините со цел да се направи истражување на мислењето на партнерите за работата на Црвен крст на локално ниво. Во рамки на проектот испечатено е трујазично издание на извештајот во 360 копии.

**Ревизија на Статут на ЦКРМ.** Националното друштво формираше работна група составена од претставници на различни структурни единици на организацијата која во текот на 2016 година активно работеше на ревизија на текстот на Статутот на ЦКРМ. Во текот на годината работната група организираше повеќе работни средби на кои се работеше на измени и дополнувања на текстот на статутот при што беа користени повеќе статути од други национални друштва, упатството за изработка на статути на национални друштва на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина како и инструкциите добиени од страна на Заедничката Комисија на Меѓународна Федерација и МКЦК за статути на национални друштва. Новиот текст на статутот треба да се финализира на почетокот на 2017 година.

# **ТРАНСПАРЕНТНИ** ПРЕД ЈАВНОСТА

Информирањето во 2016 година придонесе за воспоставување и одржување на систем за комуникација и информирање со цел поблиска соработка помеѓу ЦКРМ и средствата за јавно информирање. Во склоп на информативниот систем, ЦКРМ исто така обезбедуваше пошироко информирање на јавноста со цел континуирано известување на граѓаните за нашите активности. Како метод за успешно работење користевме современи начини на информирање со што успеавме да го привлечеме вниманието на јавноста. Надворешната комуникација се остваруваше преку различни соопштенија и информации до електронските и печатените медиуми, преку организирани конференции за печат,брифинзи и друго.

**Социјални мрежи на ЦКРМ** - Надградувањето на ФБ страната и редизајнирањето на интернет страницата на ЦКРМ овозможи простор за објавување на поголем број разновидни информации, чија структура таргетира различни категории на посетители. Ваквото збогатување на веб страницата со интересна и интерактивна содржина придонесе за поголема привлечност и посетеност на истата од сите граѓански структури. Волонтерите и другите граѓани ги посетуваат страниците со цел да дојдат до информации за настани, места за донирање, па дури и начин на вклучување во организацијата и нејзините активности.

**Е - весник Инфо** - Неделните изданија на електронскиот весник на Црвениот крст, веќе десет години претставуваат пример на успешна алатка за информирање на нашите волонтери, партнери, соработници и поддржувачи за активностите кои ги реализираме на локално, национално и меѓународно ниво. Во 2016 година беа подготвени 54 броеви на Е - весникот Инфо со вкупно објавени 600 текстови. Покрај препраќањето на 71.418 е-маил адреси, истиот е редовно ажуриран и објавуван на нашата веб страна со што целата јавност во Република Македонија има можност поблиску да се запознае со нашите активности.

**Работилница со медиумите** - Имајќи ги во предвид актуелните случувања со мигрантската криза, на 2 јуни Црвениот крст на Република Македонија со поддршка на Меѓународната Федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина организираше работилница со дваесетина претставници од медиумите ширум државата за спроведување на кампања за подигање на свеста кај населението за хуманите потреби на мигрантите и активностите за нивна поддршка кои ги спроведува националното друштво. На работилница се промовираше и спотот „Стоп за рамнодушноста – да ја сочуваме хуманоста“ и истиот спот беше бесплатно емитуван од повеќе медиуми.



**Публикации –** По повод традиционалните недели дефинирани во Законот за Црвениот крст, како и голем број на проектни активности и стратешки документи во рамките на издавачката дејност на Националното друштво, и оваа година редовно беа збогатувани со креативни и атрактивни едукативни материјали во вид на брошури, флаери, постери, прирачници, доплатни марки и друг вид на изданија. Имајќи ги во себе хуманитарните пораки или насоките за дејствување, се постигнаа значителни резултати кај целните групи, а воедно и позитивно се влијаеше на подигањето на имиџот на националното друштво. Со цел сите публикации да бидат поблиски до лицата за кои се наменети, и оваа година ЦКРМ сите свои изданија ги објави на македонски и на албански јазик, а дел од нив беа преведени и на англиски јазик.

# **ХУМАНИТАРНО** ДЕЈСТВУВАЊЕ

Активностите за дисеминација се насочени кон ширење на знаењата за Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина, надградување на системот за вршење на општа дисеминација, дисеминација на МХП и дисеминација на МХП за посебни целни групи.

Црвен крст на РМ и оваа година се приклучи на глобалната кампања на Меѓународната Федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина под мотото„Насекаде за секого„. Централното одбележување на 8 мај - Светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина се одржа во седиштето на Црвениот крст на РМ со промоција на поштенска марка „Насекаде за секого„издадена од А.Д Македонска пошта.

Во ООЦК Битола, Охрид, Гостивар, Струмица и Велес на соодветни настани беше отворена изложба на Црвен крст на РМ која содржи записи, фотографии на настани, активности и личности кои дале посебен белег во дваесет годишниот период и активитет од меѓународно признавање и полноправно членство на Црвен крст на Република Македонија во Меѓународната Федерација. Проектиран е филмот подготвен во соработка со Македонската телевизија а поддршка во обезбедување соодветни документи поврзани со Законот за Црвениот крст на Република Македонија е обезбедена од Собранието на Република Македонија.

Соработката со надлежните институции продолжува и е многу значајна не само за промовирање на Црвениот крст но и да се истакне улогата на Организацијата како партнер и помагател на власта. Во Меморандумите за соработка склучени меѓу Црвениот крст на РМ и соодветно министерство и институција дисеминацијата е првенствена активност за запознавање на структурите и со одредби од Женевските Конвенции и Дополнителните протоколи и Меѓународното хуманитарно право.

Во гарнизоните во Скопје, Куманово, Тетово, и Кичево претставници на Црвен крст на Република Македонија одржаа предавања со презентации и видео филм за дисеминација и подготвеност и дејствување при катастрофи. Целна група на слушатели беа униформирани лица со чинови и војници кои со интерес ги следеа предавањата и изразија задоволство за соработката. Во делот на дисеминацијата учесниците се запознаа со улогата и мандатот на Меѓународното движење на Црвен крст и Црвена полумесечина, МКЦК, МФЦКЦП и Црвен крст на Република Македонија, амблемот на Црвениот крст и Меѓународното хуманитарно право со осврт на Женевските конвенции и Дополнителните протоколи. За потреби на библиотечниот фонд во касарните, на одговорните лица задолжени за организација им беа поделени примероци од брошурата *Постојана хуманитарна мисија* и Женевските конвенции и Дополнителните протоколи.

На покана на Воениот Музеј при Министерството за одбрана на Република Македонија, Црвениот крст на Република Македонија зеде учество на изложбата МЕРЛ ЛЕ ВОЈ-Фотографии од Македонија – Американски Црвен крст во Македонија за време на Првата светска војна. Учеството беше во форма на изложување свои експонати, фотографии и предмети кои отсликуваат дел од соработката со Американскиот Црвен крст, Американската Амбасада во Република Македонија како и граѓани на Америка кои волонтираат во активности на Црвениот крст. Изложбата беше во организација на Воениот музеј во објектот на Музеј Македонија која се одржа на 25 февруари во присуство на голем број претставници од јавниот живот. Изложбата ја отвори Н.Е. Зоран Јолевски, Министер за одбрана на Република Македонија а свое обраќање имаше и Н.Е. Џес Л.Бејли, Амбасадор на Соединетите Американски држави во Република Македонија.

**Националниот комитет за Меѓународно хуманитарно право (МХП)** со седиште во Црвениот крст на РМ чиј претседавач е претставникот од Министерството за образование за периодот 2014-2016 година, одржа 4 работни средби. Во телото се номинирани нови членови од соодветни министерства и се покрена постапка за донесување нова програма за работа на телото за периодот 2017-2018 година.

Националниот комитет за МХП, на покана од министерство за надворешни работи, го номинираше кандидатот г-дин Владимр Ортаковски за член на Меѓународна комисија за утврдување факти од хуманитарен карактер од страна на Република Македонија.

На меѓународен план во периодот 6-7 октомври 2016 година во Сараево, Меѓународен комитет на Црвен крст организираше регионална работилница за употреба и заштита на амблемот на Црвениот крст и ратификација на договори од областа на Меѓународното хуманитарно право од страна на државите во кои функционираат националните друштва. На работилницата учествуваше претставник на Црвениот крст на Република Македонија кој ја презентираше работата на националното друштво во доменот на дисеминацијата.



# 184 МАЛИ ПРОЕКТИ ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА-ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ (ЦКА-ПХВ)




Програмата Црвен крст во акција-Промоција на хумани вредности (ЦКА-ПХВ) е алатка за регрутирање и задржување на волонтери, а воедно претставува дисеминациски-комуникациски модел за работа со млади и во 2016 година беше поддржана преку програмата на Civika Mobilitas. Во рамките на минатогодишниот циклус беа организирани 155 обуки од кои 50 само за дисеминација на младите. Целокупната едукација ја поминале вкупно 1.274 младинци од кои 1.108 изработуваа мали проекти за добробит на заедницата. Во рамките на програмата функционира тим на инструктори составен од 32 члена и тим на дисеминатори составен од 46 члена.

Изработени се 184 мали проекти во период од три месеци преку кои им е помогнато на 3. 790 лица на кои им била потребна одредена помош. Дел од проектите беа насочени кон ублажување на проблемите, но дел од нив и трајно решавање на истите (вработувања на лица од семејства, обновување на домови, реновирање на центри за лице со посебни потреби, организирање на заеднички концерти со цел промоција на културата и јазикот). Во еден проект му се обезбедени финансиски средства за 21 годишно момче за уплата на државен испит за да може да добие лиценца за работа, Во Скопје младите направиле пристапна рампа за учениците со телесна имобилизираност за да може да се движи слободно, реновирано е купатило на едно социјално загрозено семејство, изготвена е апликација за лица кои имаа оштетен слух за да може полесно да повикаат помош кога се наоѓаат во животно загрозувачка ситуација, обезбеден е собен велосипед за лице кое има целосна атрофија на мускулатурата, набавени се инхалатори за детскиот одел во државна болница во Кичево и многу, многу други нешта. За сите проект младите вложиле 28.555 волонтерски часа во заедницата и собрале 24.630 евра кои исто беа собрани од заедницата и вратени во истата.

Во месец Мај се одржаа и две финални работилници на кои 150 учесници зедоа учество. Младинците како и секоја година се избираат поради квалитетот на нивните проекти, оригиналната идеја како и долгата акција и ефектот од реализација на самиот проект. За време на финалната работилница се продлабочуваат знаења за културата како систем од вредности и се насочуваат младите да продолжат со своите активности во клубовите на млади во секоја ООЦК.

Минатата година две општинска организација, Битола и Гостивар го добија Пехарот, заради најмногу изработени проекти со сонце, односно проекти кои направија трајни позитивни промени во заедницата. Настаните беа организирани во Советот на градот во присуство на голем број родители, поддржувачи, целни групи, професори и локални медиуми.

5-та година по ред се обележа и ЦКА-ПХВ неделата во периодот од 21-27 септември. И оваа година неделата беше одбележана на унифициран начин на територија на целата држава. Беа организирани театарски претстави со наслов "Приказна за една идеја" што е всушност приказна за Анри Динан и формирање на организација на Црвениот крст. Во подготовките во целата земја беа вклучени над 900 младинци. Некаде околу 4.000 посетители дојдоа да ги проследат претставите и да ја уважат работата на младите во сите ООЦК. Целта на ЦКА-ПХВ недела е да ја промовира третата стратешка цел од Стратегијата 2020 на ЦКРМ, промоција на мирот, толеранцијата и меѓусебното разбирање.

# **ВОЛОНТЕРСТВОТО ВО**
# ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Имајќи ја во предвид природата на хуманитарните предизвици со кои се соочи Република Македонија во 2016 година, се поттикнаа голем број на лица од различна возраст да искажат интерес за активно вклучување во активностите на Црвениот крст на Република Македонија. Постојните форми за работа со волонтери се покажаа ефикасни имајќи во предвид дека за сите вонредни ситуации (мигрантска криза, поплави Скопскиот и Тетовскиот регион, студени и топлотни бранови итн.) се одговори соодветно на потребите на зафатеното население. Промовирањето на работата на волонтерите низ сите медиуми, како и поддршката на волонтерските иницијативи од страна на Црвениот крст на Република Македонија дополнително ја подигна хуманата свест што резултираше со воспоставување на нови партнерства и програми за заедничко дејствување со организации на локално и национално ниво.

Поддршката и развојот на волонтерството претставува предуслов за сите програмски активности кои ги имплементира Црвениот крст на Република Македонија. Оттука и постојаното залагање за надградба на капацитетите за успешно менаџирање на волонтерските програми претставува приоритет кој зазема постојано место во активностите на Националното друштво. Во 2016 година организирани се повеќе обуки за одговорните лица за организирање на волонтерска работа, лидерите на клубовите на млади и избрани претставници на општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје за успешна проценка, регрутирање, организирање, мотивација и координација на волонтерите во активностите на Црвениот крст.

На 5-ти декември „Светскиот ден на волонтерството" од страна на Црвен крст на Република Македонија во Музејот на град Скопје беше организирана манифестација на која беа доделени благодарници за посебни достигнувања и тоа на: лицата Александра Василевска, Роже Доан Ван Хај, Кире Доновски, Един Халим, Владимир Цветковски, Марјанчо Ангелковски и Фаик Алили за посебни заслуги во остварување на целите и задачите на националното друштво и за својот повеќе годишен активитет како волонтери.





# **ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ** ПРИ КАТАСТРОФИ

Црвениот крст на Република Македонија во годината која измина успешно се справи со низа предизвици на полето на подготвеност и дејствување при катастрофи.

**Водици 2016.** Центарот за безбедност на вода и Тимот за одговор при катастрофи при Црвен крст на град Скопје на 19 јануари обезбеди обезбедена значителна поддршка во организирањето на манифестацијата Водици 2016. За време на централниот настан, бројните волонтери (спасители на вода и планина, логистика и прва помош, со вкупна бројка 85) се погрижија настанот да помине во најдобар ред.



**Работилница за стандардни оперативни процедури.** Во периодот од 13 до 15 април, во организација на Секторот за азил при одделот за граѓански работи, МВР и канцеларијата на УНХЦР во Скопје во хотел Гранит–Охрид, Црвен крст на РМ зеде учество на работилницата за финализација на Стандардните оперативни процедури за постапување со ранливи категории на лица – странци.

**Дисеминациска обука за АРМ.** Во периодот од 04 до 13 мај 2016 година со припадници на АРМ во Скопје, Куманово, Тетово и Велес, претставници на Црвен крст на Република Македонија одржаа предавања за дисеминација за Движењето на црвениот крст, како и местото и улогата на црвениот крст на Република Македонија во подготвеност и дејствување при катастрофи. Целна група на слушатели беа офицери и професионални војници кои со интерес ги следеа предавањата и изразија задоволство за соработката.

**Стратегија за климатски промени на град Скопје.** На 13 јуни во организација на град Скопје во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), се одржа работилница за предлог финална верзија на Стратегија за климатски промени на град Скопје. На оваа учествуваа три претставници на Црвен крст на Република Македонија.

**Проект „Следна генерација на Систем за управување со инциденти во Република Македонија“.** На 03 октомври 2016 година во Центарот за управување со кризи се одржа работен состанок на кој дел од субјектите на Системот за управување со кризи им беше претставен проектот „Следна генерација на Систем за управување со инциденти во Република Македонија“. ЦУК е носител на имплементацијата на овој проект што е развиен од страна на („Massachusetts Institute of Technology Lincoln Laboratory“) и спонзориран од („Department of Homeland Security Science and Technology Directorate“) на Соединетите Американски Држави.

**Работилница за обучувачи за "Управување и координација на засолништа.** Во периодот од 17 до 19 октомври 2016 година во Скопје се одржа работилница за обучувачи за "Управување и координација на засолништа ", во организација на Меѓународната организација за мигранти (IOM), а учесници беа вработени во Центарот за управување со кризи. Во практичниот дел од обуката за подигнување и управување на камп населба беа вклучени професионални лица од Црвениот крст на Република Македонија.

**Работилница за проценка на ранливост и капацитети.** Во периодот од 11 до 16.11.2016 година во Струга се одржа работилница за проценка на ранливост и капацитети со 50 претставници од општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје.



**Промоција на хигиена.** Во периодот од 30.11 - 04.12.2016 во Струга, се одржа работилница со 23 учесници за Промоција на хигиена во соработка со Австрискиот Црвен крст, во рамките на Апелот за поддршка на активности на Националното друштво кои се преземаат за помош на мигрантите.

**Современи Концепти на кризен менаџмент.** Во периодот од 15 до 16.12.2016 год. во Охрид се одржа Меѓународна научна конференција на тема "Современи Концепти на кризен менаџмент" во организација на ЦУК, а поддржана од UNHCR, IOM, UNFAO.

**Обуки и предавања.** На планот за подигање на јавната свест за намалување на последиците од катастрофи во 2016 година во основното училиште Св. Климент Охридски се одржа предавање на тема Заштита самозаштита во случај на катастрофи, а во О.У. Исмаил Ќемали-Чаир и ОУ"Старашо Пинџур " с.Чешиново, во соработка со субјектите кои се дел од системот за управување со кризи се организираа тактичко показни вежби " Евакуација и спасување во случај на катастрофа"




**Спасување на вода.** Црвениот крст на Република Македонија на планот за безбедност на вода во текот на 2016 година одржа 6 курсеви за обука на спасители на вода од кои 80 лица се стекнаа со лиценци спасител на вода. На почетокот на летната сезона Центарот за безбедност на вода на Црвен крст на град Скопје, на водените површини на територијата на градот Скопје работно ангажираше 37 спасители на вода, додека Центарот за безбедност на вода на ООЦК Охрид, на водените површини во Охридскиот регион, во текот на летната сезона беа ангажирани 85 спасители на вода и 6 спасители на вода на Струшкото крајбрежје. Центарот за безбедност на вода на Црвен крст на град Скопје даде поддршка при организирањето на манифестацијата Водици 2016 година.



## ***ХУМАНИТАРНА ПОДДРШКА*** *ЗА МИГРАНТСКО НАСЕЛЕНИЕ*

Активностите за одговор на хуманитарните потреби на мигрантите кои транзитираа низ Република Македонија како и хуманитарната поддршка на оние кои останаа во државата по формалното затворање на границите, претставуваа една од водечките активности на Црвениот крст на Република Македонија за 2016 година. Тимовите составени од доктори, парамедици, логистика и волонтери 24 часа обезбедуваа поддршка на мигрантите на граничните премини кај Гевгелија и Табановце. Секојдневно се обезбедуваше помош во средства за хигиена, храна, вода за пиење, облека, прва помош, воспоставување на семејни врски и слично.

За успешно спроведување на активностите поврзани со мигрантската криза, Црвениот крст на Република Македонија, како дел на системот за управување со кризи во текот на 2016 година присуствуваше на состаноците што ги свикуваше Центарот за управување со кризи кој ја има координативната улога за справување со мигрантската криза и беше во постојана комуникација и координација со останатите субјекти и НВО кои беа вклучени во Мигрантската криза.

Главни партнери и донатори за целата операција беа Високиот комесеријат за бегалци (УНХЦР), Меѓународна Федерација на Црвен крст и Црвена Полумесечина, Меѓународен Комитет на Црвен крст (ИЦРЦ). Секако покрај нив како донатори се јавуваат и УНФПА, СОС детско село, УНИЦЕФ, Германски Црвен крст, Македонски Каритас, Solidarite, Save the children-Македонија и други.

Во центрите во Табоновце и во Гевгелија работата и тимовите за воспоставување на семејни врски со поддршка на Меѓународниот Комитет на Црвен крст. Во 2016 година се регистрирани 464 случаи од мигрантите.

### *Хуманитарна помош*

**Клучни бројки за 2016 година**

- Дистрибуирани пакети со храна 16.446
- Дистрибуирани пакети со хигиена 12.446
- Дистрибуирани шишиња со вода 516.182 (0,5л)
- Пружена прва помош и асистенции во двата прифатни центри 83.928
- Пружена прва помош и асистенција во Липковскиот регион 2.128
- Регистрирани 464 случаи

Од месец април 2016 година, во Прифатните центри за бегалци и мигранти- Винојуг и Табановце со дистрибуираат топли оброци-готвени јадења. Храната се затоплува и послужува во наменски поставена кујна. Активноста се спроведува во соработка со Министерството за труд и социјална политика на РМ и со поддршка на Меѓународна Федерација на Црвен крст.

Преглед на дистрибуирани прехранбени производи во 2016 година:



**Преглед на дистрибуирани прехранбени производи во 2016 година:**

| Прехранбени производи | Количина (парчиња) |
|---|---|
| Топли готвени оброци | 80 485 |
| Супа (порции) | 63 948 |
| Чај (чаши) | 90 513 |
| Пакети со храна (еден оброк за 3 лица) | 16 466 |
| Чоколадно млеко | 73 920 |
| Плазма бисквити | 26 725 |
| Енергетски бисквити | 951 |
| Здрава храна | 9 525 |
| Млеко во прав за бебиња | 2 004 |
| Сок за бебиња | 6 867 |
| Кашички за бебиња | 4 931 |
| Шишиња за хранење на бебиња | 3536 |

Освен Црвениот крст,храна доставуваат и други НВО. Поддршката за дистрибуција на чај и супи во Гевгелија доаѓа од Македонскиот каритас. СОС детско село донира храна за бебиња, УНИЦЕФ храна за бебиња и облека за деца до 10 години, а Save the children донира и млеко. Сета дистрибуција на храна ја координира Црвениот крст на Република Македонија.

**Преглед на дистрибуирани производи за хигиена во 2016 година:**

| Хигиенски производи | Количина (парчиња/ пакувања) |
|---|---|
| Индивидуални хигиенски пакети | 12 495 |
| Влажни марамчиња | 39 339 |
| Пелени за бебе | 44 753 |
| Пакет за бебе | 1 264 |
| Прва помош сет | 77 |
| Пудра за бебиња | 4 602 |
| Креми за бебиња | 8 771 |
| Прашок за перење алишта | 4 741 |
| Пешкири | 8 702 |
| Спреј против комарци | 122 |
| Легени за перење алишта | 862 |
| Шампони за коса | 6052 |
| Постелнина | 675 |
| Перници | 327 |
| Антисептик | 2 616 |
| Пудра за нозе | 1 480 |

**Преглед на дистрибуирана облека во 2016 година**

| Производи | Количина (парчиња) |
|---|---|
| Чорапи (пар) | 22 411 |
| Хулахопки | 4 579 |
| Фустани | 798 |
| Маици | 14 945 |
| Долна облека | 12 527 |
| Детска долна облека | 4 059 |
| Детски маици | 847 |
| Летни капи | 314 |
| Детски патики | 1 271 |
| Зимски јакни | 12 475 |
| Детски летни јакни | 111 |
| Пижами | 805 |
| Чизми | 9 992 |
| Дуксери | 356 |
| Зимски сет (капа, шал и ракавици) | 37 918 |
| Детски капи | 804 |
| Панталони | 1 434 |
| Детски панталони | 152 |
| Облека за бремени жени | 14 |
| Марами | 41 |

**Дополнителна дистрибуција во 2016 година**

| Производи | Количина (парчиња) |
|---|---|
| Душеци | 2 422 |
| Ќебиња | 31 528 |
| Подлоги | 2 192 |
| Кабаници | 2 192 |
| Вреќи за спиење | 3 622 |
| Торби | 1992 |
| Панелки за греење | 12 |
| Колички за бебе | 26 |
| Носилка за бебе (кенгур) | 1 183 |
| Детски прекривки | 161 |
| Термоси за вода | 24 |
| Сетови за шиење | 566 |
| Церади | 1 301 |
| Рачни ламби | 1 787 |



## *Ирегуларна миграција*

По зголемениот број на ирегуларни мигранти кои транзитираат низ Република Македонија во периодот од месец август до декември 2016 година, вкупно се укажани 2128 асистенции на првата помош на ирегуларни мигранти во регионот на Гевгелија, Лојане, Липково и Ваксинце од страна на тимот за хуманитарна поддршка на овие лица.

На овие мигранти поделени се следни производи:

| Производи | Количина (парчиња) |
|---|---|
| Вода 0,5 л. | 13 946 |
| Пакети со храна | 2 401 |
| Пакети со хигиена | 269 |
| Готова храна | 171 |
| Ќебе | 1 153 |
| Вреќи за спиење | 212 |
| Ранци | 185 |
| Кабаници | 880 |
| Душеци | 20 |
| Чорапи (пар) | 2 297 |
| Зимски сет (капа шал и ракавици) | 717 |
| Парчиња облека | 735 |
| Рачни ламби | 58 |
| Млеко за бебиња | 38 |
| Енергетски бисквити | 320 |
| Здрава храна | 856 |
| Пакети за бебе | 29 |
| Кондури (пар) | 520 |

## *Транзитен центар за мигранти Гази баба*

Во текот на 2016 година дистрибуирана е поголема количина на производи во Транзитниот центар Гази баба каде исто така престојуваат мигранти: Вода-шишиња 6.110/ Пакети со храна 600/ Пакети со хигиена700/ Кујнски прибор 500/ ноктарици 240/влажни марамчиња 450/ антисептик 240/четка за коса 360/ сапун 960/ чоколадни бисквити 2600/прашок за перење алишта 100/ќебе 120/облека –парчиња 1026/готова храна 2174.

Спроведени обуки за надградба на капацитетите на Националното друштво во рамките на Итниот апел во 2016 година:

- Прва помош за вработени и волонтери на Црвениот крст
- Обука на дисеминатори за кампања за подигање на свест за хуманитарните потреби на мигрантите „Стоп за рамнодушноста – Да ја сочуваме хуманоста"
- Воспоставување на семејни врски
- Менаџмент со волонтери
- Сексуално и родово базирано насилство
- Комуникативни и некомуникативни заболувања
- Процеси на спроведување на набавки
- Проценка на ранливост и капацитети
- Промоција на хигиена

## ***ПОПЛАВИТЕ ВО МЕСЕЦ АВГУСТ 2016 ГОДИНА*** *ВО СКОПСКИОТ И ТЕТОВСКИОТ РЕГИОН*

Поројните дождови кои на 6 август оваа година го зафатија подрачјето на Скопје и Тетово предизвикаа поплави кои на жал резултираа со 22 жртви и над 60 повредени лица, како и голема материјална штета. Најпогодени села и населби од поплавите беа Ченто, Инџиково, Сингелиќ, Стајковци, Смилковци, Црешево, Виниче, Страчинци во Скопскиот регион и селата Шипковица, Бродец, Вешала и Порој во Тетовско. Црвениот крст на Република Македонија согласно плановите за дејствување, од почетокот на катастрофата беше во постојана комуникација и координација со државните органи. Генералниот секретар на Црвениот крст како дел од кризниот штаб, присуствуваше на состаноците на Владата, каде што се носеа одлуки за преземање на конкретни мерки за помош на настраданото население.

Црвениот крст на РМ од сопствени резерви обезбеди хуманитарна помош за погоденото население преку дистрибуција на ќебиња, душеци, средства за хигиена и вода за пиење за 1000 лица. Еден дел од настраданото население беше сместено во семејства и центри каде Црвениот крст обезбеди хуманитарна помош. На настраданото население согласно нивните потреби Црвениот крст им дистрибуираше соодветна хуманитарна помош. Во целата операција беа вклучени 150 волонтери и професионалци поделени во 7 мобилни тимови.

Од 8 август 2016 година, Црвениот крст на Р.М, од страна на Владата беше одреден да ја координира дистрибуцијата на хуманитарна помош за населението од поплавените региони. За справување со последиците од поплавите, Црвениот крст на Република Македонија активностите ги спроведуваше во постојана комуникација и соработка со Регионалната канцеларија за Европа на Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената Полумесечина (IFRC).

Во периодот од 08-31 август 2016 година се спроведе кампања за собирање на средства преку која сите заинтересирани физички и правни субјекти можеа да се вклучат и да донираат средства за поддршка на поплавените. Кампањата овозможи донирање на средства преку жиро сметката на Црвен крст на Република Македонија во „Фондот за солидарност" и преку јавување на мобилните оператори на број 070/075/077 143 400 со што со секој повик беа донирани по 100 денари. Кампањата наиде на широк одѕив во јавноста, беа собрани вкупно 68.406.667 денари, направени се директни готовински трансфери на 4.463 семејства по 13.285,00 денари. Меѓу донаторите ќе ја спомeнеме компанијата НОВАРТИС која обезбеди донација во износ од 82.000 евра.

Од страна на Црвен крст на Р.М изработен е ДРЕФ и истиот е одобрен од Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина во износ од 310,228 CHF. Во оваа операција се направи дистрибуција на 4600 фамилијарни пакети со храна (за 2 месеци) за 2300 семејства, 2300 фамилијарни хигиенски пакети и 300 бебешки пакети.

Во периодот 12.08.2016-12.08.2017 година со поддршка на Австриската развојна агенција и Австрискиот Црвен крст се спроведува проектот за „Рано опоравување и отпорност" кој има за цел финансиски да им помогне на 320 семејства (со готовински трансфери во вредност од 1000 евра),



кои од страна на Министерството за труд и социјална политика се идентификувани како најранливи социјални случаи во зафатениот регион со поплавата. Покрај финансиската поддршка на овие 320 семејства, во рамки на 6 основни училишта се предвидени поголем број на активности и работилници со ученици, наставници и родители а дополнително беа обезбедени училишни ранци и прибори за 600 ученици. Вкупната вредност на проектот изнесува 475 424 евра.

Амбасадата на Полска донираше средства во висина од 1.072.148 денари, со кои беа набавени  хигиенски пакети и пакети со храна. Од страна на Турската Црвена полумесечина е добиена донација со вкупна вредност од 9.370 евра.

Покрај поддршката на целните групи, во периодот од 13 до 15.12.2016 година во Струга во рамки на ДРЕФ операцијата за поплавите, се одржа тренинг за логистика и дистрибуција на хуманитарна помош за надградување на капацитетите на волонтерите и стручната служба на Црвениот крст на Република Македонија за поефикасно справување со идни ситуации и тренинг за научени лекции преку која се увидоа  добрите страни на целата операција и работите што во иднина може да се подобрат.









### *Грижа и поддршка на старите лица*

Црвениот крст на РМ во текот на 2016 година продолжи со имплементација на Проектот грижа за стари лица во домашни услови со поддршка на Австрискиот Црвен крст, ЕВН Македонија и Фондацијата Албиз. Проектните активности се реализираа преку Црвен крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст Велес, Крива Паланка, Кичево, Дебар и Струга. Ангажирани се вкупно 64 волонтери на Црвениот крст и 13 медицински сестри кои континуирано испорачуваат социјални и здравствени услуги на вкупно 402 стари лица во домашни услови.

На 10 мај беше организирана работилница за размена на искуства на проектните тимови од волонтери и медицински сестри на Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст Крива Паланка и Велес, во рамките на проектните активности поддржани од Австрискиот црвен крст.

Од 26 до 28 август 2016 г. во рамките на Проектот поддржан од Австрискиот Црвен крст, Црвениот крст на РМ во соработка со Заводот за социјални дејности организираше работилница за обука на нови 15 волонтери од Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст на Велес и Крива Паланка за вклученост во социјална интервенција со стари лица. Целта на работилницата беше волонтерите на Црвениот крст да добијат основни знаења и вештини за обезбедување поддршка на стари лица во домашни услови. Во рамките на проектот поддржан од Австрискиот црвен крст се имплементираа и шест мали иницијативи на тема „Активно стареење" кои се спроведоа преку Црвен крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст Велес и Крива Паланка.

Преку Црвениот крст на град Скопје континуирано продолжија да се имплементираат програмските активности за старите лица во дневните центри за стари лица и центри за давање помош во домашни услови со простории во ДХО „Даре Џамбаз" и во Општинската организација на Црвен крст Чаир, како и во просториите на ОУ во Општина Сарај. Исто така активностите кои се организираа преку Дневниот центар во Гази Баба континуирано се имплементираа и во текот на годината.

Преку клубовите на стари лица, кои функционираат преку општинските организации на Црвен крст Крива Паланка, Неготино, Велес и Прилеп, и во текот на целата година продолжија да се имплементираат соодветни активности за и со старите лица.



### *Подобрување на конкурентноста на пазарот на труд*

Црвениот крст на Република Македонија во партнерство со Занаетчиска комора на Скопје во период од месец декември 2015 година до август 2017 година со финансиска поддршка на Европска Унија, имплементира проект „Преземи акција за подобра конкурентност на пазарот на труд". Целта на овој проект е да се унапредат условите и можностите за вработување на лица во социјален ризик долгорочно невработени од општините Гази Баба, Кисела Вода и Ѓорче Петров, кој се реализира преку Црвениот крст на град Скопје. На почетокот на проектот селектирани беа 40 корисници - лица во социјален ризик долгорочно невработени од трите општини.

Со цел да се информираат и да се запознаат со проектните цели и активности, одржан беше состанок со корисниците, како и потпишана изјава од нивна страна дека се согласни да се вклучат во проектот. За зајакнување на нивните капацитети во насока на унапредување на социјалните вештини за личен раст и развој одржани беа работилници со корисниците. Индивидуални акциони планови се подготвени на корисниците со цел да станат посвесни за нивното активно учество во проектот.

Во текот на целиот период од страна на локалниот проектен тим од 4 социјални работници и еден психолог беше овозможена психо - социјална поддршка на семејствата со цел да се поддржат и да им се олесни процесот на добивање обуки. За да се овозможи зајакнување на капацитетите на корисниците за личен раст и развој, како и раст на личната мотивација, во континуитет се спроведува групна и индивидуална гешталт - психотерапија. Одржани се работилници за утврдување на очекувањата, вредностите, мотивите и потребите на корисниците, посета на занаети и работилница за утврдување на занаетите. Беа реализирани санитарни и медицински прегледи на корисниците.

На 5 декември одржан беше состанок со советник за социјална инклузија во Министерството за труд и социјална политика и проектниот тим со цел информираност на проектните активности, и поддршка во спроведување на проектот.

Од 28 ноември 2016 година започнаа да се спроведуваат обуките за занаети за 38 корисници на проектот кои ќе траат од 3 до 6 месеци во зависност од програмата за обука на занаетите. Следните занаети ќе бидат изучувани од страна на корисниците: фризер, козметичар за нега на лице и тело, шминкер и декорација на нокти, слаткар, пица мајстор, пекар бурекчија и бели печива, пекар, декорирање на настани и уредување на ентериери, фотограф, рачно везење и плетење, кроење и шиење, филигранист, бравар, клучар и столар.

Од страна на техничката поддршка за управување и мониторирање на проекти од грантовата програма „Поттикнување на социјалната инклузија", во текот на годината се организираа работилници кои беа наменети за обука на претставници на граѓански организации кои имплементираат проекти финансирани од Европската Унија, во рамките на оваа грантова програма. Проектниот тим на Црвениот крст на РМ ги следеше обуките кои имаа за цел да се зајакнат вештините и да се зголемат познавањата на грантистите за ефективно, ефикасно и етичко спроведување на грантот. Во текот на годината беше направена мониторинг посета од страна на тим лидерот и претставник на проектот за техничката поддршка, кои искажаа задоволство од имплементацијата на проектните активности, како и беа дадени сугестии за натамошно успешно спроведување на активностите.



## *Проект Подобрување на социјализацијата на деца и млади со посебни потреби*

Црвениот крст на Република Македонија во рамките на проектот: „Подобрување на социјализацијата на деца и млади со посебни потреби" поддржан од страна на Комерцијална банка АД Скопје, во соработка со Заводот за социјални дејности, во текот на месец септември преку Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст Прилеп, Кавадарци, Гостивар, Велес, Делчево, Дебар и Кичево беа организирани активности во соработка со дневните центри за деца со посебни потреби и центрите за социјална работа, како и претставници на филијалите на Комерцијална банка.

Од 18 до 20 март 2016 година, Црвениот крст организираше едукативна работилница која се одржа во Центарот „Солферино" во Струга. Целта на работилницата беше да се едуцираат нови волонтери на Црвениот крст за да добијат одредени знаења и вештини за пристап и поддршка на децата и младите со посебни потреби.

Според подготвените планови за акција, во текот на годината беа имплементирани следните активности: посета на домовите на згрижувачките семејства во Скопје, Прилеп и Велес од страна на мобилни тимови составени од волонтери на Црвениот крст за обезбедување поддршка на децата, во дневните центри со вклученост на волонтери на Црвениот крст организирани се креативни работилници, едукативни, рекреативни активности, како и многу други активности за подобрување на социјализацијата на децата.

На 15 декември 2016 година, Црвениот крст на РМ одржа работилница за евалуација на проектните активности. Целта на работилницата беше да се утврдат постигнатите резултати, ефектите од имплементираните активности, како и да се дадат насоки за идно дејствување на локално ниво.

## *Регионална соработка за социјална инклузија на старите лица*

Од месец февруари 2016 година започна со имплементација регионалниот проект „Преземање на активности за социјална вклученост на старите лица“, финансиран од Европската Унија, кој ќе се имплементира во период од три години преку Црвениот крст на Србија како проект координатор во партнерство со Црвениот крст на Австрија, Црвениот крст на Македонија, граѓанското здружение „Хуманост“ од Македонија, Црвениот крст на Црна Гора и граѓански здруженија од Албанија и Босна и Херцеговина. Целта на проектот е да се формираат регионални мрежи на граѓански здруженија и организации на Црвен крст во пет земји од Западен Балкан, кои ќе имплементираат активности со цел да се зголеми јавната свест и последователни влијанија во процесите на донесување на одлуки за социјална инклузија на старите лица.

На 13 април 2016 година Црвениот крст на РМ во заедничко партнерство со Хуманост организираа иницијален состанок на кој беа претставени проектните активности кои ќе бидат имплементирани во Македонија во период од три години. На 26 април беше одржан состанок со претставник на делегацијата на Европската Унија во Брисел на кој беа презентирани досегашни искуства од имплементирани активности за старите лица во Македонија, како и информации за активности реализирани во рамките на регионалниот проект.

На националниот состанок на мрежата на граѓански организации за социјална инклузија на старите лица, на кој беше потпишана одлука за официјално функционирање на неформалната мрежа - ИнклузиваМ, беше подготвен и стратешки план за работа на мрежата за период од три години, врз основа на подготвената анализа на ситуација во Македонија која опфати информации за релевантните заинтересирани страни, недостатоците во политиките, услугите и потребите на старите лица, како и капацитетите на граѓанскиот сектор за спроведување на активности за застапување за иницијативи за социјална вклученост на старите лица.

Од 26 до 30 септември беше остварена студиска посета на Словенија на активности за стари лица организирана во рамките на регионалниот проект. Учествуваа претставници на проектните тимови, како и претставници на граѓанските здруженија – членки на мрежите за социјална






инклузија на старите лица, како и претставници на владини институции. Заводот за социјални дејности е вклучен соработник во проектот и нивен претставник учествуваше на посетата, со настап на панел дискусија за ситуацијата и преземените мерки од страна на државата за подобрување на квалитетот на живот на старите лица.

За потребите на мрежата ИнклузиваМ во месец септември беше организирана работилница за застапување, со цел јакнење на капацитетите на членките на мрежата и утврдување на приоритетни области во однос на третирање на прашањето за стареењето. Како приоритет беше нотирана потребата од отворање на сервиси за социјални и здравствени услуги за старите лица. Во наредниот период ќе биде изработено истражување за ова прашање со цел да се обезбедат докази за да може да се влијае во носењето одлуки во владините институции за потребата и развој на сервисите за стари лица.





## *Работилници со членките на ИнклузиваМ во соработка со UNFPA*

На 13 и 31 октомври 2016 година во организација на Хуманост, а во соработка со Црвениот крст на РМ и UNFPA беа одржани работилници со членките на мрежата ИнклузиваМ за изработка на четиригодишни извештаи за имплементирани активности за старите лица. Македонија е една од државите во регионот која што ја има усвоено Виенската декларација за „Обезбедување на општество за сите возрасти: Промовирање на квалитетот на живот и активно стареење“.

Оваа декларација е усвоена на третата Министерска конференција за стареење на UNECE (Виена, 2012 година), по повод втората ревизија и проценка на имплементацијата на Мадридскиот меѓународен акционен план за стареење, 2002 (MIPAA) и неговата Регионална стратегија за имплементација во регионот на UNECE (RIS). Сите чинители, како што се министерствата, регионалните и локалните власти, невладините организации (НВО), приватниот сектор, социјалните партнери, академските институции и организации кои ги претставуваат интересите на постарите лица и на млади лица – во меѓу- генерациски контекст – треба да поднесат извештаи за своите активности во врска со имплементацијата на Виенската декларација и да одредат планови за натамошно дејствување, како и главни области со одредени мерки.

## *„Вашиот прилог - значајна помош“*

Црвениот крст на Република Македонија под мотото: „Вашиот прилог - значајна помош„ од 18 до 24 април 2016 година со пригодни активности ја одбележа традиционалната Недела на солидарност. Во рамките на Неделата Црвениот крст организираше Собирна акција со цел да се побуди чувство на хуманост, взаемност и солидарност кај граѓаните, посебно кај младата генерација за меѓусебната помош и поддршка, како и да се обезбеди соодветна помош за најранливите категории на население. Во акцијата можеше да се донира храна, облека, обувки, средства за хигиена, како и парични средства со повик на трите мобилни телефонски броеви, како и со уплата на донации на сметката на Фондот на солидарноста на Црвениот крст на Република Македонија. Во рамките на оваа недела се организираше и акцијата„Од куќа до куќа“ во која волонтери на општинските организации на Црвен крст направија посети на граѓаните во нивните домови кои донираа средства според нивната желба и можност. Собраните парични средства од акцијата беа наменети за обезбедување на помош во храна за семејства во социјален ризик.

### *Одбележан 1 октомври – Меѓународен ден на старите лица*

Црвениот крст на РМ секоја година се вклучува во одбележувањето на 1 Октомври – Меѓународен ден на старите лица. По повод денот, преку општинските организации на Црвениот крст беа имплементирани активности за поттикнување на активното стареење: едукативни, креативни работилници, рекреативни активности и сл., потоа активности за поддршка на старите лица како што се посета на стари лица во нивните домови, посета на стари лица во рурални средини и др.

Црвениот крст на град Скопје организираше Партнерска локална средба на тема „Идни предизвици во градот Скопје за работа со лицата во трето доба" , на која присуствуваа претставници на локални владини институции, граѓанскиот и приватен сектор, како лица од трето доба кои го посетуваат Дневниот центар за стари лица. Исто така беше организиран и Чи Конг семинар за активни стари лица. Беа направени посети на стари и изнемоштени лица во нивните домови, кои преку Црвен крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст на Велес, Крива Паланка, Кичево, Струга и Дебар со ангажирање на волонтери и медицински сестри редовно ги спроведуваат.

### *Кампања за Денот на гладта*

Црвен крст на Република Македонија секоја година го одбележува 16 октомври – Денот на гладта со организирање на кампања под мотото „Помислете и на нас". Со кампањата, како и со многу други хуманитарни активности, Црвениот крст на РМ дава придонес во севкупните напори кои се преземаат во државата за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на граѓаните, како една од главните цели на стратегијата, документ кој ја отсликува интенцијата на Република Македонија за изедначување на степенот на вклученост и добросостојба низ сите слоеви од општеството.

Во рамките на кампањата беа организирани хуманитарни акции за обезбедување донации во парични средства и храна во соработка со образовно - воспитните институции, граѓански здруженија, стопанските комори во Македонија, како и во соработка и поддршка на компании и граѓани. Овие активности се имплементираа во текот на Неделата од 16 до 22 октомври 2016 година преку општинските организации на Црвен крст и Црвениот крст на град Скопје. Донираните средства од хуманитарните акции беа наменети за обезбедување на храна за помош на ранливото население која ќе се дистрибуира преку општинските организации на Црвениот крст.



### *Недела на грижа на старите лица*

Црвениот крст на Република Македонија оваа година традиционалната „Недела на грижа на старите лица„ ја одбележа од 21 до 28 ноември под мотото: „Сите сме нивни деца". Целта за одбележување на неделата е да се подигне свеста на населението за правата на старите лица, како и потребната грижа и помош на старите лица.

Во рамките на Неделата се организираше акција за бесплатно мерење на шеќерот во крвта и крвниот притисок на 2000 стари лица, за што ЕВН Македонија обезбеди поддршка. Преку општинските организации на Црвениот крст и Црвениот крст на град Скопје по повод неделата се организираа хуманитарни активности (едукативни, креативни работилници со старите лица, посети на стари лица во нивни домови, бесплатни прегледи, посети во домовите за стари лица, пензионерските домови и др.).

Активностите на локално ниво се имплементираа во соработка со општинските здруженијата на пензионери со кои Црвениот крст на РМ континуирано остварува добра соработка, како и со центрите за социјална работа и граѓанските здруженија. За промоција на активностите со поддршка на Австрискиот Црвен крст беше изработен ТВ спот со соодветна содржина за подигање на јавната свест за потребната грижа и поддршка на старите лица.

### *Одбележани Европскиот ден и Неделата на борба против трговија со луѓе*

Црвениот крст на Република Македонија како член на Секретаријатот на Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, дава активен придонес во борбата против трговијата со луѓе – кој претставува глобален проблем и се рефлектира и во Македонија.

Во таа насока Црвениот крст на Република Македонија се вклучи во одбележување на 18 октомври – Европскиот ден за борба против трговија со луѓе, како и од 2 до 9 декември Неделата на борба против трговија со луѓе. По повод денот и неделата беа организирани превентивни активности преку Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст Гази Баба, Кавадарци, Битола, Велес, Охрид, Берово, Валандово, Радовиш, Куманово, Кичево, Кочани, Крушево и Свети Николе. На локално ниво беа одржани вкупно 27 работилници за врсничка едукација на млади во основни и средни училишта. Со превентивните активности беа опфатени вкупно над 675 ученици. Превентивните лекции имаат за цел подигање на свеста на младите, препознавање на начините преку кои младите можат да бидат вовлечени во трговијата со луѓе и нивна самозаштита.

### *Одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток*

Министерството за труд и социјална политика во текот на зимскиот период во месец јануари 2016 година организираше бесплатен одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и други права во одморалиштето „Бегова Корија„ во Крушево. Црвениот крст на Република Македонија беше вклучен во оваа проектна активност со ангажирање на волонтери на Црвениот крст во улога на воспитувачи со цел да се анимираат децата за време на нивниот престој. Волонтерите подготвија програми со едукативни, рекреативни, креативни активности кои ги имплементираа заедно со децата за време на нивниот престој во Крушево.

Овој проект се имплементираше и во текот на летниот период јули и август 2016 година. Ангажираните волонтери - воспитувачи/стручни соработници и спасители на вода на Црвениот крст ги придружуваа децата и реализираа активности со децата во детското одморалиште „Мајски цвет" – Струга.



### *Хуманитарна акција „Да споделиме радост"*

Црвениот крст на Република Македонија во соработка и со поддршка на ЕВН Македонија по шести пат организираа заедничка хуманитарна акција „Да споделиме радост". Во рамките на акцијата обезбедени беа 320 Новогодишни пакетчиња за деца од семејства во социјален ризик и деца со посебни потреби. Подароците беа поделени од страна на Црвениот крст на град Скопје и Општинските организации на Црвен крст Кочани, Кичево, Струга, Штип, Гевгелија, Битола и Струмица во соработка со претставници на ЕВН во општините во кои се реализираше акцијата. Црвениот крст на град Скопје на 28 декември 2016 година во просториите на Кинотека на Македонија организираше заеднички Новогодишен настан за 130 деца со посебни потреби, деца со воспитно социјални проблеми и деца од ранливи категории семејства. Децата проследија кино проекција на 3Д анимиран филм кој го овозможи Мегаком.

# **ЗДРАВСТВЕНО**-ПРЕВЕНТИВНА ДЕЈНОСТ

Црвениот крст на Република Македонија согласно Стратешкиот план 2020, здравствено превентивната програма за 2016 година, во текот на 2016-та година имплементираше теренски активности со цел превенција, зачувување и подобрување на здравствената состојба на најранливите групи на население. Во текот на оваа година беа реализирани голем број на активности кои беа насочени кон превенција на ХИВ трансмисија помеѓу најризичните групи на население, подобрување на контролата со туберкулоза на локално ниво преку подигнување на свеста и знаењето за ова заболување, здравствена грижа на стари и изнемоштени лица, како и намалување на здравствените последици кои се резултат на климатските промени, превенција на заразни и незаразни заболувања, подигнување на свеста за органодарителство и низа други активности.

## *Намалување на штети од употреба на дрога*

Намалување на штети од употреба на дрога - е проект наменет за лицата – корисници на дрога и се одвива на територијата на три општински организации на ЦК Кичево, Велес и Прилеп. Центрите отворени во Општинските организации имаат за цел да нудат медицински, социјални и правни услуги на корисниците како и да ги снабдуваат истите со кондоми и стерилен прибор за инјектирање, едукативно информативен материјал.

Целта на проектот е намалување на штетите од употребата на дрога, во насока на подобрување на здравствениот, социјалниот и економскиот статус на корисниците. Корисниците на дроги имаат можност да добијат стерилна опрема за инјектирање како и советување околу можните штети предизвикани од употреба на нестерилен прибор како што се ХИВ/СИДА и хепатит Б и Ц.

Во соработка со Институтот за јавно здравје и НВО ХЕРА се одвиваше и теренското доверливо советување и тестирање во Прилеп и Велес.

Преку реализацијата на креативните работилници кои имаат за цел ресоцијализација на клиентите,истите имаа можност да го изразат својот талент преку цртање, изработка на накит и различни предмети од глина, хартија итн.

Со проектот во текот на 2016 година беа опфатени 448 лица од корисничката популација,реализирани се 3120 контакти со лица од целната група. За потребите на корисниците се поделени: 46 672 игли, 30 700 шприцеви, 22 676 кондоми, реализирани се 265 правни услуги, 3110 различни социјални и 4708 медицински услуги.



## *Спроведување на едукации за туберкулоза за различни целни групи*

Со цел подигнување на јавната свест кај населението за превенција од туберкулозата како заразна болест, раното препознавање и навремено откривање, можностите за лекување, Црвениот крст на Р. Македонија и во текот на 2016 година реализира едукации за различни ризични целни групи за стекнување со ова заболување како ромското население, населението во руралните средини, со низок социјален статус итн.

Едукациите беа реализирани во повеќе општински организации на Црвениот крст на Република Македонија и тоа во: Кичево ,Крушево, Кавадарци, Прилеп, Кочани, Струмица, и беа опфатени вкупно 8 714 претставници од целните групи.

## *Климатски промени-заштита на здравјето од климатските промени (топлотни, студени бранови)*

Активностите согласно акциониот план за топло време отпочнаа во текот на месец мај со цел подготовка и дистрибуција на едукативно информативен материјал за различни целни групи за заштита од топлотните бранови преку општинските организации на Црвен крст на територијата на целата држава и Центрите за јавно здравје. Во периодот од 15 јуни до 15 септември функционираше и СОС линијата за топлотни бранови во рамки на ЦК на Град Скопје, со цел давање на бесплатни совети за заштита на здравјето од топлотни бранови.

За време на топлотните бранови, Црвениот крст на Република Македонија преку општинските организации презеде и активности во насока на обезбедување на флаширана негазирана вода која им се нудеше на граѓаните,информативно едукативни материјали со совети за заштита на своето здравје од топлотни бранови, бесплатно мерење на крвен притисок на граѓаните кои имаа потреба од тоа, како и обезбедување на прва помош при евентуална потреба од истата.

Во соработка со Институтот за јавно здравје, а согласно акциониот план за студено време во текот на месец јануари 2016 година беа дистрибуирани флаерите за студено време наменети за различни целни групи за општа популација, матични лекари и работници/работодавачи со превентивни совети и препораки како да се го заштитат здравјето во услови на студено време.

Во оваа насока со финансиска поддршка на Германски ЦК беше подготвена и брошура со информации за заштита на здравјето на мигрантите за време на екстремно студено време, на арапски јазик.

Во текот на ниските температури, прифатилиштето во рамки на Пунктот за бездомници во Момин Поток, беше отворено 24 часа. Мобилните тимови на Црвен крст кои беа достапни 24 часа, на повик излегуваа на терен и им нудеа на бездомниците престој во прифатилиштето. Вкупно 28 лица беа сместени во прифатилиштето и ги добија услугите кои се нудат во пунктот (одржување на лична хигиена, чиста облека, берберски услуги, лекарски преглед, топол оброк и топол кревет).

Од 4 - 17 Февруари 2016 година беше отворен привремен пункт за делење на чај, супа, ќебиња и вреќи за бездомниците кои не се сместени во прифатилиштето. Во рамки на акцијата функционираше и мобилна екипа која патролираше низ целиот град со возило на Црвен крст, ги посетуваше местата каде се движат бездомниците и им делеше помош. Поделена беше помош на вкупно 60 бездомници и 20 социјално загрозени семејства.

Црвен крст на Р.Македонија активно учествуваше и во работата на Комисијата за климатски промени и здравје при Министерството за здравство и во заедничките интер-секторски напори за заштита на населението во услови на екстремни надворешни температури.

## *Подготовка на акционен план за сексуално и репродуктивно здравје во услови на кризи*

Под координација на УНФПА и Министерство за здравство, а со заедничко учество на повеќе институции и организации како Институтот за јавно здравје, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Црвениот крст на Р Македонија, НВО ХЕРА, НВО Ла Страда, УНДП кои беа и активно инволвирани во справувањето со мигрантската криза, подготвија акционен план за Сексуално и репродуктивно здравје во услови на кризи. Планот се однесува на периодот за 2016 година. Подготвени беа и стандардни оперативни процедури за мобилната гинеколошка клиника во транзитните центри.



## *Градење на капацитети на општинските организации за сексуално и родово базирано насилство и психо-социјална поддршка*

Во периодот од 12.09-14.09.2016 година во тренинг центарот Солферино во Струга беше реализирана работилница за сексуално и родово базирано насилство и психо-социјална поддршка со поддршка на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина. На обуката присуствуваа 27 учесници од повеќе општински организации на Црвениот крст на Р.Македонија Велес, Куманово, Кичево, Свети Николе, Битола, Прилеп, Кавадарци, Крива Паланка и Црвен крст на Град Скопје.

Обуката имаше за цел запознавање и здобивање со знаење со основни поими за сексуално и родово базирано насилство (СРБН) и стекнување на практични вештини за приод и поддршка на личностите кои преживеале семејно насилство.

На крајот од оваа работилница од страна на учесниците беа утврдени потребите и приоритетите како и следните чекори и активности на општинските организации и Црвениот крст на Р.Македонија во насока на зајакнување на капацитетите и дејствување во областите на сексуално и родово насилство и психосоцијална поддршка на личностите кои преживеале ваков вид на насилство.

## *Јакнење на капацитетите на општинските организации за Подигнување на свеста и сензибилизација на населението за органодарителство*



Преку реализација на проектот **"Дарувајте орган – подарете живот"** финансиран од АД Комерцијална банка Скопје, во текот на 2016 година од страна на Црвен крст на Република Македонија во соработка со 10 општински организации на Црвен крст Центар, Гази Баба, Битола, Прилеп, Кавадарци, Струга, Велес, Гостивар, Струмица и Кочани беа едуцирани 20 волонтери со стручна поддршка од проф. д-р Гоце Спасовски од Клиниката за нефрологија во Скопје.

За потребите на проектот беа подготвени информативно – издавачки материјали во вид на флаери, постери, анкетни прашалници, банери и ТВ спот.

Во организација на 10-те ООЦК беа реализирани и 20-тина едукативни работилници и трибини со различни целни групи, НВО сектор, млади, припадници на АРМ, припадници на полиција, претставници на здравствени, образовни и социјални институции, пензионери, верски заедници, компании, трансплантирани лица и др. Присутните на овие работилници и трибини имаа можност да се запознаат и да добијат повеќе информации за темата, можностите за органодарителство, проблематиката,законските регулативи, како и религиозните мненија за оваа тема.

## *Превенција и рано откривање на дијабетот и остеопорозата кај населението во рурални средини - "Во контрола и превенција на шеќерна болест и остеопороза"*

Превенција и рано откривање на дијабетот и остеопорозата кај населението во рурални средини - "Во контрола и превенција на шеќерна болест и остеопороза" е проект кој Црвениот крст на Република Македонија го имплементираше во населените рурални средини с.Мало Коњари Прилепско, с.Подареш Радовишко и во Општина Конче. Реализираните активности беа насочени кон едукација на ова население за рано откривање на симптомите на шеќерна болест и остеопороза, како и реализација на превентивни прегледи со апарат дензинометар за рано откривање на остеопорозата и мерење на нивото на шеќер во крвта. На сите присутни граѓани за време на предавањата им беше поделен и информативно-едукативен материјал.

Проектот беше финансиран од страна на компанијата Алијанс Уан од Кавадарци, а Црвениот крст на Р Македонија овој проект го реализираше во соработка со стручен тим од Клиниката за ендокринологија и Македонското здружение за остеопороза.

Вкупно со овој проект беа реализирани 217 скрининг прегледи за остеопороза и откриени 55 случаи со остеопороза.

Од вкупно 246 спроведени мерења на нивото на шеќер во крвта кај 67 лица е откриено дијабет. Дел од овие лица се веќе регистрирани лица со дијабет и примаат препишана терапија,но има и новооткриени случаи со шеќерна болест кои беа упатени да направат скрининг тест.

Црвениот крст на Република Македонија преку општинските организации на Црвен крст и Црвениот крст на град Скопје во текот на 2016 година одржа 1.073 курсеви по прва помош за кандидати за возачи на кои се обучени вкупно 15.251 кандидат за возачи, одржани се 154 курсеви по прва помош за работни организации на кои се обучени 1.002 лица, за разлика од 2015 година кога беа одржани 1.253 курсеви по прва помош за обука на кандидати за возачи и на кои беа обучени 18.568 лица, како и 139 курсеви по прва помош за обука на вработени лица во работни организации на кои беа обучени 1.232 лица, што укажува на послаби резултати со намален број од 3.317 кандидати за возачи и 230 за работни организации.

## XXV – ти Државен натпревар на екипите по прва помош

Во организација на Црвениот крст на Република Македонија на 16 и 17 септември 2016 година во Кавадарци се одржа XXV-от Државен натпревар на екипите по прва помош, под мотото "Првата помош за и од децата".

На натпреварот зедоа учество 27 екипи од Општинските организации на Црвен крст Берово, Битола, Валандово, Велес, Дебар, Делчево, Кавадарци, Кичево, Кочани, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица, Штип, Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир.

За успешна организација на натпреварот беа ангажирани 41 судии (од кои 30 доктори и 11 демонстратори), 13 шминкери за реалистично прикажување на рани и повреди, 30 манекени/актери, 27 водичи на екипи, 4 волонтери за носење на бодовни листи, 6 судии за дисеминација и за игрите од забавен и спортско-рекреативен карактер и петочлена комисија за собирање на бодови. Беа ангажирани голем број на волонтери од страна на домаќинот ООЦК Кавадарци, вработени во стручната служба на Црвен крст на Република Македонија и волонтери од тимот за логистика на Црвен крст на Република Македонија.

На настанот пред присутните се обратија претседателот на Црвен крст на Република Македонија г-дин Милчо Трајков и претседателот на Општинската организација на Црвен крст Кавадарци г-дин Димитар Каракулев.

Првото место на натпреварот го освои екипата по прва помош на ООЦК Чаир со освоени 910 бодови, второто место го освои екипата по прва помош на ООЦК Кочани со 903 бодови, третото место и припадна на екипата по прва помош на ООЦК Центар со 902 бодови, на четврто место се пласира екипата на ООЦК Прилеп со 894 бодови и на петтото место со освоени 888 бодови се пласира екипита на ООЦК Кисела Вода. На базата за дисеминација најдобри беше екипата на ООЦК Штип која покажа најдобро познавање за движењето, визијата и мисијата на Црвениот крст.

## Реализација на симулациска вежба

„Поплава со поголем број повредени и давеници " На 26. 10. 2016 година во Велес се одржа симулациска вежба во организација на Министерството за здравство на РМ и СЗО регионална канцеларија Скопје и Црвениот крст на Р.Македонија. На вежбата земаа учество ИМП Велес, Општа Болница - Велес, МВР, ПП-Велес, ЦУК, ДЗС, Црвен крст на РМ,Општинска организација Велес.

Целта на вежбата беше да се подигне степенот на подготовка при кризни состојби, во рамките на приоритетот за Здравствена безбедност, одговор и подготовка при кризни состојби.

Црвениот крст на Република Македонија во соработка со Општинската организација на Црвениот крст Велес го дадоа својот придонес во одржувањето на оваа вежба, така што обезбедија волонтери кои глумеа повредени, тим за спасување на вода кои ги вадеа давениците од реката Вардар, како и шминкери кои реалистично ги прикажаа повредите. Со оваа активност, волонтерите придонесоа вежбата да биде значително по реална, со услови и ситуации како во вистинска незгода.



### *Здравствена поддршка на мигрантите*

Во периодот од 25-27.03.2016 година во тренинг центарот Солферино во Струга, во рамки на проектот за поддршка на мигранти кои транзитираат низ Р.Македонија со финансиска поддршка на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина беше реализирана обука за прва помош за нови волонтери. На истата присуствуваа 27 волонтери од општинските организации на Црвен крст Центар, Кисела Вода,Чаир, Гази Баба, Карпош,како и од општинските организации на ЦК Гевгелија, Валандово, Неготино, Битола, Охрид, Струга, Велес и Куманово.

Преку реализација на оваа обука Црвениот крст на Р.Македонија имаше за цел да се зајакнат капацитетите на националното друштво во областа на првата помош за одговор на потребите не само на мигрантската криза туку и на идни други кризни состојби или катастрофи.

Учесниците на оваа обука имаа можност да се запознааат поблиску со активностите кои Црвениот крст на Р.Македонија ги реализира како одговор на мигрантската криза, со акцент на укажувањето на прва помош на мигрантите од страна на мобилните тимови.

Присутните претставници од транзитниот центар во Куманово и Гевгелија ги споделија и нивните искуства при укажувањето на првата помош на мигрантите, кои се најчестите проблеми и здравствени потреби на мигрантите, специфични состојби и ситуации со кои се имаат соочено во текот на работата итн.

Во областа на едукацијата за прва помош учесниците освен теоретски се стекнаа и со практични вештини од теми состојби од кои најчесто би имале потреба на терен. Покрај основните теми кои ги опфаќа основната обука за прва помош,беа обработени и употреба на автоматски надворешен дефибрилатор,airway,даска за имобилизација,каснувања од инсекти и змии,удар од електрична струја,хипо и хипертермија.



## КРВОДАРИТЕЛСТВО

Црвениот крст на Република Македонија и Институтот за трансфузиона медицина во 2016 година од планираните 55.000 единици крв реализираа 55.909 единици крв или планските обврски ги исполнија со 101.70 %. За разлика од 2015 година кога беа реализирани 54.708 единици крв бележиме подобри резултати за 1.201 единица крв или за 2.20 %. Во градот Скопје, општинските организации на Црвен крст Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир во 2016 година реализираа 19.630 единици крв или планските обврски ги исполнија со 125.60 %, и во споредба со 2015 година кога беа реализирани 17.368 единици крв бележат подобри резултати за 2.262 единици крв. Во општинските организации на Црвен крст од внатрешноста, во 2016 година беа реализирани 36.279 единици крв или во споредба со 2015 година кога беа остварени 37.340 единици крв, постигнати се послаби резултати за 1.061 единици крв. Во Градската општа болница "8-ми Септември" во Скопје, во службата за трансфузиона медицина во 2016 година беа реализирани 2.295 единици крв и во споредба со 2015 година кога беа реализирани 1.967 единици крв забележани се подобри резултати за 328 единици крв.

Во Дневниот центар за дарување на крв во ДХО "Даре Џамбаз" во Скопје во 2016 година беа реализирани вкупно 2.042 единици крв од кои 1.882 со самоиницијативно дарување на крв од граѓаните на Скопје и преку организирани крводарителски акции беа собрани 160 единици крв. Во споредба со 2015 година кога беа собрани вкупно 2.043 единица крв се забележани речиси идентични резултати.

Планските обврски за крводарителство во 2016 година ги исполнија 17-ет општинските организации на Црвен крст и тоа : Битола 105.50 %, Валандово 145.70 %, Велес 212.20 %, Виница 201.85 %, Делчево 123.97 %, Кавадарци 144.69 %, Кратово 108.20 %, Крива Паланка 150.40 %, Крушево 106.10 %, Неготино 116.36 %, Пробиштип 106.80 %, Свети Николе 215.20 %, Струга 120.90 %, Штип 153.90 %, Гази Баба 168.43 % и Цента р 235.90 %.

Тимот за координација, во текот на 2016 година одржа 108 координативни состаноци и координираше со 863 крводарителски акции на терен.

**Одбележан 17-ти март Денот на крводарителството о Р. Македонија и доделени се признанија за крводарителство на најуспешните општински организации на Црвен крст** - 17-ти март - Денот на крводарителството во Република Македонија се одбележа со пригодни активности во општинските организации на Црвен крст и во Црвениот крст на град Скопје. На организирани свечености беа доделени јубилејни признанија за повеќекратни крводарители, институции, компании и истакнати поединци. На 16 март 2016 година во



Големата сала на Општина Охрид, Општинската организација на Црвен крст Охрид одржа трибина на тема "Доброволно крводарителство – потреба и предизвик".

На 23 март во ДХО "Даре Џамбаз" во Скопје се одржа редовна седница на Собранието на Црвен крст на Република Македонија на која беа доделени парични награди за трите првопласирани ООЦК Виница, Велес и Центар кои постигнаа најдобри резултати во крводарителство во 2015 година, на 15 ООЦК им беа доделени признанија за исполнет план за крводарителство во 2015 година и на ООЦК Чаир признание за најдобро постигнати реултати во крводарителство во 2015 година во споредба со 2014 година.

**Одржани едукативни семинари и работилници за доброволно крводарителство** - Во периодот од 13-15 мај 2016 година во Струга се одржа работилница за едукација на нови мотиватори за доброволно крводарителство со учество на 25 претставници на ООЦК. На работилницата беа обработени следните теми : Крводарителство во Република Македонија, Тим за координација и работа на Дневен центар за дарување крв, Крв и крвни елементи и актуелности во трансфузионата медицина, Организациони форми на дарување крв - Клуб 25 и Клуб на крводарители, Исхрана според крвни групи, Пренесување на позитивни искуства и примери за доброволно крводарителство од други држави (прикажување на спотови и филмови за крводарителство), Психолошки аспекти на крводарителството - со посебен акцент на Комуникацијата, видови комуникација, пречки во комуникација, фактори и чувства за ефективна комуникација, процес на активно слушање и аспекти на тим и тимска работа.

На крајот на работилницата преку квиз прашања се направи проверка на знаењата на учесниците за содржините од програмата за обука.

Во периодот од 20-22 мај 2016 година во хотел "Бисер" во Струга се одржаа традиционалните спортско-рекреативни игри за крводарители со учество на Клуб на крводарители на Црвен крст на град Скопје, ЈСП Скопје, ОКТА Рафинерија, Макпетрол, ПИОМ и Баргала Штип. Крводарителите се натпреваруваа во машка и женска конкуренција поединечно и екипно во дисциплините трчање на 100 метри, трчање во вреќа, фрлање ѓуле, влечење јаже, пикадо, тројки во кошарка, пинг понг и јадење шампита. Екипно првото место со собрани 38 бодови го освоија Клубот на крводарители на Црвен крст на град Скопје и ЈСП, а третото место со собрани 34 бодови го освои Баргала Штип.



**Семинар за мотиватори.** Во периодот од 02-04 септември 2016 година во Струга се одржа семинар за едукација на мотиватори за доброволно крводарителство. На семинарот учествуваа 30 учесници - млади мотиватори од Клубовите 25 на Градската организација на Црвен крст на Скопје, општинските организации на Црвен крст Битола и Охрид, млади од Клуб 25 на Црвен крст на Албанија и Клуб 25 на Градска организација на Црвен Крст Нови Сад од Република Србија, и 12 членови на Клубот на крводарители на Црвен крст на Скопје. Посебна придобивка на семинарот беше можноста за размена на искуства со претставниците од Албанија и Србија и градење на пријателства меѓу учесниците - како можност за идна заедничка соработка на полето на доброволното крводарителство. Семинарот беше можност да се добијат нови информации и да се научат нови содржини за крводарителство, меѓусебно да се информираат за активностите на Клубовите 25 и да ги споделат позитивните искуства.

**Одбележан 14ти јуни Светскиот ден на крводарителството** - На 14 Јуни 2016 година под мотото **Крвта не спојува сите нас - Сподели живот, дарувај крв!**, Црвениот крст на РМ, Црвен крст на град Скопје во соработка со Институтот за трансфузиона медицина го одбележаа Светскиот ден на крводарителството. Централниот настан се реализираше во ГТЦ Скопје. Активноста е дел од проектот „Училишни клубови за едукација и превенција" поддржан од Трансмет - Скопје. Беа изложени 33 идејни решенија со интернационален карактер (Македонија, Индија, Кина, Иран, Еквадор, Полска, Австралија). На настанот беа присутни волонтерите од Клуб 25 и од Клуб на крводарители на Црвен крст на град Скопје.

**Учество на меѓународна работилница за доброволно крводарителство** - Во периодот од 08-10 октомври 2016 година се одржа Регионална работилница за крводарителство во Берат - Република Албанија под мотото "Заедно можеме да реализираме 100% доброволно крводарителство". Учесници на оваа меѓународна работилница за крводарителство беа претставници на Црвениот крст на Албанија, Италија, Македонија и Косово. Преку презентации беа претставени активностите во дејноста крводарителство и на Клубовите 25. Работилницата беше можност да се добијат нови информации, да се научат нови содржини за доброволното крводарителство, да се информираат младите за активностите на Клуб 25, начините на планирање, организирање и изведување на крводарителски акции, запознавање со начинот на поттикнување на нови дарители, воспоставување на контакти со постојани редовни дарители и промоција на доброволно крводарителство преку социјалните мрежи.

# **МЛАДИНСКИ** АКТИВНОСТИ

Во 2016 година младите волонтери на Црвениот крст на Република Македонија беа активно вклучени во одговорот на хуманитарните предизвици со кои се соочи населението во Република Македонија. Како одговор на мигрантското движење и природните катастрофи кои ја зафатија нашата земја(поплави, студени бранови, топлотни бранови) во рамките на клубовите на млади во Општинските организации на Црвениот крст и Црвен крст на град Скопје организирани се голем број едукации, собирни акции за поддршка, терենски посети за проценка на штети, дистрибуција на помош, советувања итн., во насока на ублажување на последицити и превенција од влошување на состојбите.

Со својата креативност и инвентивност, младите дадоа голем придонес во целокупните активности на националното друштво за поддршка на ранливото население и масовно се вклучуја во имплементација на активностите за време на итните ситуации.

Во периодот од 07-14.07.2016 се организираше национална обука за менаџмент со младите волонтери во рамки на традиционалниот летен младински камп „100% Црвен крст". Вкупно 87 учесници од 26 Клубови на млади имаа можност да стекнат нови знаења и вештини за поефикасно и поефективно дејствување на клубовите на млади во насока на исполнување на стратешките определби на организацијата.

Активностите за одговор на потребите на ранливото население заклучно со 31,12,2016 година во 31 клуб (од вкупно 35)  на млади ООЦК и ЦКГС активни се 2037 млади волонтери што претставува пораст од 190 волонтери  за овие клубови на млади во однос на минатата година.

Младите волонтери се интегрален дел на целокупната работа на Национално друштво. Дополнително со своите активности во рамките на клубовите на млади се организирани и следните едукативни работилници во 2016 година:



**Едукативни работилници за превенција и подигање на свест**

| Тема | Вкупен број на одржани работилници | Вкупен број на учесници |
|---|---|---|
| Превенција од ХИВ/ СИДА и СПИ | 113 | 4060 |
| Превенција од трговија со луѓе | 83 | 2146 |
| Превенција од болести на зависности | 277 | 7758 |
| Прва помош | 124 | 2850 |
| Промоција на крводарителство | 11 | 328 |
| Дисеминација | 111 | 2429 |
| Превенција од туберкулоза | 13 | 816 |
| Заздравствена заштита | 33 | 930 |
| Подигање на свест за мигранти | 25 | 522 |
| Здрави животни навики | 19 | 672 |
| Други работилници за превенција | 5 | 127 |

Во вкупно 814 едукативни работилници опфатени се 22 638 учесници.

Во вкупно 24 Општински организации на Црвен крст организирани се општински натпревари по прва помош каде активно учество земаа 1636 ученици од основни и средни училишта.

# **МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ** ОД КОРПОРАТИВЕН СЕКТОР

Црвениот крст на Република Македонија во изминатата година оствари соработка со неколку значајни компании во земјата кои го практикуваат општественото одговорно работење и истите обезбедија поддршка на проекти и програмски активности за помош на ранливи целни групи население во земјата.

Во 2016 година беше остварена соработка со седум големи компании, како и со неколку средни и мали компании во земјата . Поддршката на големите компании за имплементација на проекти и програмски активности на Црвениот крст на РМ е во вкупна вредност од 5.227.500 денари што претставува значаен придонес во остварување на хуманитарните цели на организацијата.

Изминатата година голем број на компании од земјата обезбедија поддршка во хуманитарната акција која што Црвениот крст на РМ ја организираше за помош на настраданото население од поплавените подрачја во Скопје и Тетово. Беа донирани парични средства, како и помош помош во стоки, наменети за настраданото население од поплавите.

Црвениот крст на РМ во текот на годината оствари соработка со Стопанската комора на РМ, Сојузот на стопанските комори на РМ, Стопанската комора на северозападна Македонија, Американската стопанска комора и Занаетчиската комора на град Скопје стопанските комори во земјата за поддршка на проектните и програмските активности, кои овозможија поддршка од нивните членки за имплементација на хуманитарни активности на Црвениот крст.

| КОМПАНИИ | Обезбедена поддршка на проектни и програмски активности |
|---|---|
| ЕВН МАКЕДОНИЈА АД | Поддршка на Проект грижа за стари лица во домашни услови кој се имплементира преку Црвен крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст Велес, Крива Паланка, Кичево, Дебар и Струга со кој се опфатени вкупно 402 стари и изнемоштени лица.<br>Поддршка во организирање на акција за бесплатно мерење на шеќер во крвта во рамките на одбележување на Неделата на грижа за старите лица.<br>Имплементирана е заедничка хуманитарна акција „Да споделиме радост" – доделени се новогодишни подароци за 320 деца со посебни потреби и деца на социјално загрозени семејства во осум општини во земјата. |
| КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје | Поддршка на Проект за подобрување на социјализацијата на деца и млади со посебни потреби (340 деца) имплементиран преку седум општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје. |
| ТРАНСМЕТ Доо Скопје | Поддршка на проект „Училишни клубови за едукација и превенција на Црвен крст" имплементиран преку Црвен крст на град Скопје. |
| ДАУТИ ФОНДАЦИЈА | Поддршка на активности за „Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови", кои се имплементираат преку Црвен крст на град Скопје. |
| АЛИЈАНС УАН МАКЕДОНИЈА, Кавадарци | Поддршка на Проект "Во контрола и превенција на шеќерна болест и остеопороза", имплементиран во три рурални средини, преку Црвен крст на РМ. |
| Фондација Т – МОБИЛЕ за Македонија | Обезбеден бесплатен број за донации |
| Оне.Вип | Обезбедени бесплатни броеви за донации |

## *Партнерски состанок*

Црвениот крст на Република Македонија на 24 ноември на Скопскиот Саем, го одржа седмиот Партнерски состанок. Состанокот се организираше со цел да се промовираат хуманитарните вредности и капацитети на Црвениот крст на Република Македонија за поттикнување на стратешки партнерства за имплементација на заеднички општествени иницијативи за подобрување на квалитетот на животот на ранливото население. На партнерскиот состанок присуствуваа претставници на корпоративниот сектор, меѓународни организации и агенции во земјата, како и претставници на стопанските комори во Република Македонија.

Веќе неколку години наназад пракса на Црвениот крст на РМ е за остварената партнерска соработка и поддршка, на партнерите да се додели соодветни признанија во знак на благодарност. По овој повод на партнерскиот состанок беше доделено признанието – „Бронзен поддржувач" на Црвен крст на РМ на фондацијата Албиз за партнерска соработка и поддршка во имплементација на проектните активности за грижа на старите лица во домашни услови кои се имплементираат преку Црвениот крст на град Скопје. Мината година со поддршка на фондацијата отворен е уште еден дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови во општина Сарај.

На состанокот беше претставен каталогот на проекти на Црвениот крст со цел да се поттикне интерес кај партнерите за заедничко дејствување и воспоставување стратешки партнерства во одредени сфери од взаемен интерес.



# **СЛУЖБА** ЗА БАРАЊЕ

Црвениот крст на Република Македонија уште од почетокот на мигрантската криза активно е вклучен во реализацијата на активностите за воспоставување на семејни врски, за што и во двата Транзитни центри, *Винојуг* и *Табановце* постојано делуваат мобилни тимови кои ги следат состојбите и потребите на мигрантите од повторно воспоставување на прекинати семејни врски. Во соработка со Меѓународниот Комитет на Црвен крст и националните друштва на Црвен крст, особено националните друштва на Балканската рута, но и тие кои се крајна дестинација на мигрантите, во изминатата година постигнати се значајни резултати во делот на надградба на капацитетите на Службата за барање на Црвениот крст на РМ, но и во делот на нудење на услугите на оваа служба и нивна практична реализација во многубројните случаи на прекинати семејни врски.

## *Поддршка за мигрантско население.*

Тимовите за воспоставување на семејни врски на Црвениот крст на Република Македонија, во текот на целата година беа присутни во двата транзитни центри, каде постојано имаше потреба од одговор на барањата на мигрантите на овој план. Согласно статистиките кои се подготвуваа месечно, во текот на 2016 година од страна на тимовите за воспоставување на семејни врски во двата транзитни центри, Винојуг и Табановце, регистрирани се вкупно 445 барања за услуги поврзани со воспоставување на семејни врски, од кои успешно спојување на семејства е регистрирано кај 85 случаи, од кои 12 малолетни лица.

Покрај барањата кои се регистрирани од страна на тимовите во транзитните центри, Службата за барање на Црвениот крст на Република Македонија подготви и дата база на податоци за случаи на исчезнати лица кои пристигнуваа во текот на целата година од други национални друштва. Бројката на молби за барање достигна бројка од 554 случаи, од кои најголемиот број се Германски Црвен крст 80%, а останатите се пристигнати од Црвен крст на Србија, Ирски Црвен крст, Шведски Црвен крст и Француски Црвен крст.

Со финансиска поддршка од страна на Меѓународниот Комитет на Црвен крст во текот на 2016 година беа набавени два контејнера за потребите на тимовите за воспоставување на семејни врски и генератор за струја за потребите на тимот во Табановце. На потегот на железничката пруга Скопје-Табановце беа поставени нови 8 табли со предупредување за мигрантите кои илегално ја поминуваат нашата држава, што беше многу чест пример по затворањето на Балканската рута.

Во месец март 2016 година како дел од Апелот на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина за поддршка на националното друштво за справување со мигрантската криза, беше одржан тренинг за волонтери за работа во Службата за барање. На тренингот беа обучени 25 волонтери од 20 општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје.

## *Европска Конференција за Воспоставување на семејни врски.*

Од 20 до 23 Април, Црвениот крст на Босна и Херцеговина беше домаќин на Европската Конференција за Воспоставување на семејни врски, на која присуствуваа повеќе од 100 претставници од 40 национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина. Дискусиите беа насочени кон начините на имплементација на Стратегијата за Воспоставување на семејни врски 2008-2018 и оправданоста од досегашните активности за Воспоставување на семејни врски.

## *Обука во организација на Германски црвен крст.*

Заради продолжување на континуитетот на надградба на капацитетите на Службата за барање



на Црвениот крст на РМ, на покана на Германскиот Црвен крст, претставник на Црвениот крст на РМ на 07.10.2016 година учествуваше на еднодневна обука за *Потполнување на формулар за лични податоци на лица за кои се претпоставува дека се мртви*. Германскиот Црвен крст оваа обука ја организираше во Соработка со Канцеларијата на Меѓународниот Комитет на Црвен крст во Париз, а потребата од организирање на обуката произлезе од се позачестените случаи на барања на лица кои подолг период не стапиле во контакт со своите најблиски и за истите се претпоставува дека загинале на патот кон западно европските држави, особено на бродските несреќи кои се случуваат на Грчкиот и Италијанскиот брег.

## *Регионален состанок за воспоставување семејни врски.*

Веќе три години по ред Црвениот крст на РМ е домаќин на ваков настан, кој оваа година го насловивме како Регионален состанок на тема *Мигрантската криза - нов предизвик за продлабочување на регионалната соработка на планот на воспоставување на семејни врски*. Настанот беше организиран со поддршка на Save the children, кои оваа година финансираат дел од активностите на Службата за барање на ЦКРМ, меѓу кои и овој Регионален состанок на кој присуствуваа претставници на Меѓународниот Комитет на Црвен крст, Црвениот крст на Србија, Словенија, Хрватска, Црна Гора и Бугарија, како и претставници на сите партнерски институции и организации кои заедно со Црвениот крст делуваат на терен, како што се Министерството за труд и социјална политика, ЦУК, Министерството за внатрешни работи, УНХЦР, УНИЦЕФ, Save the children, СОС, Лаштрада, ИОМ, Легис и НУН.

## *Обука за освежување на знаења.*

Во период од 06 до 09.12.2016 година во Белград, тимовите за воспоставување семејни врски од “Винојуг” и “Табановце” присуствуваа на тренинг за освежување на претходно стекнатите знаења. Целта на овој тренинг беше, обновување на предходните знаења и работата на Службата за воспоставување на семејни врски како на терен така и на координативно ниво. Теми за разработка на работилницата беа алатките кои се користат при секојдневната работа, како: промоција и образложување на месечните извештаи, молби за барања (повеќе видови, во зависност од случајот), Daily Phone Logs, FLEXTRANET, Trace the Face, Trace the face Back Office и сл.



# **ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ** ЗА 2016 ГОДИНА

Црвениот крст на Република Македонија своето работење го прикажува преку финансискиот извештај кој ги содржи планираните и реализирани приходи и расходи. Финансискиот извештај претставува потврда за успешно имплементираните програмски и проектни активности поддржани од домашни и странски партнери на организацијата.

Работењето на организацијата прикажано преку финансики податоци покажува успешно завршена година со остварување на Буџетот од 262.18% за разлика од 2015 кога остварувањето изнесуваше 542.93%. Сопствени проходи се реализирани со 47.26% и учествуваат со 1.94% од вкупно остварените приходи. Приходите од органи и донатори , претставуваат наменски приходи, кои во најголем дел директно се префрлаат во општинските организации, каде се користат за имплементација на проектни активности. Овие приходи се реализирани со 288.07% бележат пораст во номинален износ во однос на 2015 кога се реализирани 744.88% како резултата на обезбедена финансиска поддрШка за настраданото население од поплавите во Република Македонија и мигрантската криза која ја зафати нашата држава. Истите зафаќаат 98.06 од вкупно реализираните приходи во 2016 година.

Во делот на расходите може да се утврди дека трошењето е контролирано и наменско, што е основна цел на секоја организација. Од вкупно реализираните расходи, функционалните односно програмските трошоци бележат пораст во однос на претходната година и изнесуваат 94,57%, расходот за плата на вработените изнесува 2,23%, а материјалните трошоци износуваат 3,2%. Од вкупно реализираните расходи 5,21% се однесуваат за потребите на централата и бележат пад во однос на минатата година, 14.32% се директно префрлени во општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје, додека останатите 80,47% се средства кои се потрошени во централанта канцеларија а се однесуваат за реализација на програмски активности на општинските организации на ЦК и ЦК на град Скопје.

Дел од вишокот на финансиските средства односно позитивната разлика помеѓу приходите и расходите се наменски средства кои се однесуваат на проекти чија реализација продолжува во 2017 година.

Од страна на Извршниот одбор на Црвениот крст на РМ беше формирана комисија, која изврши внатрешна ревизија на финансиското и материјално работење. Исто така беше ангажирана надворешна независна ревизирска куќа, која изврши ревизија согласно Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за финансиско известување и сметководствените прописи кои важат во Република Македонија. Спроед мислењето на ревизорската куќа, финансиската состојба на организацијата Црвениот крст на РМ е прикажана реално и објективно.

Финансискиот извештај се однесува само на работењето на централната канцеларија на Црвениот крст на Република Македонија.



# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2016 ГОДИНА

| | Буџет 2016 | Реализирано 2016 | % во 2016 | % во 2015 |
|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 173,157,195.00 | 453,983,755.00 | 262.18 | 542.93 |
| Сопствени извори на приходи | 18,618,800.00 | 8,799,782.00 | 47.26 | 169.23 |
| Приходи од органи / донатори | 154,538,395.00 | 445,183,973.00 | 288.07 | 744.88 |
| | | | | |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 173,157,195.00 | 424,216,024.00 | 244.99 | 363.77 |
| Плати и надоместоци на вработени | 10,364,416.00 | 9,454,775.00 | 91.22 | 92.87 |
| Расходи за материјали и услуги | 6,395,138.00 | 13,569,101.00 | 212.18 | 216.42 |
| Функционални (програмски) расходи | 156,397,641.00 | 401,192,148.00 | 256.52 | 482.67 |
| РАЗЛИКА | 0.00 | 29,767,731.00 | | |

| П Р И Х О Д И | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ОПИС | Сопствени извори на приходи | Приходи од органи / донатори | Буџет 2016 | Реализирано Од сопствени извори | Реализирано Од органи и донатори | Реализирано 2016 |
| 74 | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | | | | | | |
| 741 | Министерство за Труд и социјална заштита | 6,000,000.00 | | 6,000,000.00 | | 6,000,000.00 | 6,000,000.00 |
| 741 | Крводарителство ( Министерство за Здравство) | | 6,763,000.00 | 6,763,000.00 | | 6,763,000.00 | 6,763,000.00 |
| 742 | Социјално - хуманитарна дејност | 200,000.00 | | 200,000.00 | 175,884.00 | 13,200,150.00 | 13,376,034.00 |
| 742 | Организација и развој | | 9,011,908.00 | 9,011,908.00 | | 5,905,023.00 | 6,080,907.00 |
| 742 | Прва помош | 2,500,000.00 | | 2,500,000.00 | 3,236,303.00 | | 3,236,303.00 |
| 742 | Здравствено воспитание | | 5,633,287.00 | 5,633,287.00 | | 6,042,563.00 | 6,042,563.00 |
| 742 | Младина | 420,000.00 | | 420,000.00 | 165,000.00 | | 165,000.00 |
| 742 | Катастрофи | | 110,000,000.00 | 110,000,000.00 | | 227,229,931.00 | 227,229,931.00 |
| 742 | Дисеминација | | | 0.00 | | | 0.00 |
| 742 | ЦК во акција - ПХВ | | 200,000.00 | 200,000.00 | | | 0.00 |
| 742 | Информирање и комуникација | | | 0.00 | | | 0.00 |
| 742 | Служба барање | | | 0.00 | | 2,350,979.00 | 2,350,979.00 |
| 742 | Меѓународно оделение/меѓународна соработка | | | 0.00 | | | 0.00 |
| 742 | Мобилизирање на фондови | | 13,030,200.00 | 13,030,200.00 | | | 0.00 |
| 742 | Финансии (други приходи)/кредит за кола/ задршка од вработени,камати/ | | | 0.00 | | 59,898.00 | 59,898.00 |
| 72 | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | | | | | | 0.00 |
| 725 | Од ООЦК ( по основ на котизација ) | 1,500,000.00 | | 1,500,000.00 | 1,369,380.00 | | 1,369,380.00 |
| 725 | Донација од физички лица | 200,000.00 | | 200,000.00 | | 68,147.00 | 68,147.00 |
| 725 | Донација од правни лица / Продажба на возила | 500,000.00 | | 500,000.00 | | | 0.00 |
| 725 | Доплата марки ( од законот на ЦК ) | 300,000.00 | | 300,000.00 | 176,817.00 | | 176,817.00 |
| 723 | Од закупнинана деловен простор/дуги приходи/ приходи од продажба на капитални средства | 1,918,800.00 | | 1,918,800.00 | 3,676,398.00 | | 3,676,398.00 |
| 725 | Од регистрација возила | 1,030,000.00 | 9,900,000.00 | 10,930,000.00 | | 10,585,845.00 | 10,585,845.00 |
| 725 | Други приходи/приходи од камата //Фонд на солидарност /Фонд за развој/пхв | 50,000.00 | | 50,000.00 | | 80,542,545.00 | 80,542,545.00 |
| 725 | Пренесени приходи од претходна година | 4,000,000.00 | | 4,000,000.00 | | 86,435,892.00 | 86,435,892.00 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | | 18,618,800.00 | 154,538,395.00 | 173,157,195.00 | 8,799,782.00 | 445,183,973.00 | 453,983,755.00 |

| Р А С Х О Д И | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ОПИС | Од сопствени извори | Од органи и донатори | Буџет 2016 | Реализирано Од сопствени извори | Реализирано Од органи и донатори | Реализирано 2016 |
| ТЕКОВНИ РАСХОДИ | | | | | | | |
| 401 | ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 7,959,880.00 | 2,374,536.00 | 10,334,416.00 | 5,900,396.00 | 3,444,202.00 | 9,344,598.00 |
| 402 | ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК | 30,000.00 | 0.00 | 30,000.00 | 44,804.00 | 65,373.00 | 110,177.00 |
| ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ | | 7,989,880.00 | 2,374,536.00 | 10,364,416.00 | 5,945,200.00 | 3,509,575.00 | 9,454,775.00 |
| 420 | ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ | 70,000.00 | 0.00 | 70,000.00 | 483,491.00 | 2,362,976.00 | 2,846,467.00 |
| 421 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 1,065,000.00 | 0.00 | 1,065,000.00 | 104,776.00 | 749,582.00 | 854,358.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 422 | ЗАТОПЛУВАЊЕ | 625,000.00 | 0.00 | 625,000.00 | 201,730.00 | 204,295.00 | 406,025.00 |
| 423 | КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ | 1,520,000.00 | 1,601,596.00 | 3,121,596.00 | 1,083,357.00 | 2,630,277.00 | 3,713,634.00 |
| 423 | МАТЕРИЈАЛИ | 1,119,346.00 | 2,839,815.00 | 3,959,161.00 | 3,034,859.00 | 7,079,289.00 | 10,114,148.00 |
| 424 | ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | 962,000.00 | 0.00 | 962,000.00 | 2,154,419.00 | 2,151,576.00 | 4,305,995.00 |
| 425 | ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | 3,193,792.00 | 8,079,035.00 | 11,272,827.00 | 4,667,816.00 | 18,858,868.00 | 23,526,684.00 |
| 426 | ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 400,000.00 | 0.00 | 400,000.00 | 429,226.00 | 185,471,766.00 | 185,900,992.00 |
| 463 | ТРАНСФЕРИ ДО НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ | 0.00 | 33,117,195.00 | 33,117,195.00 | 0.00 | 60,727,155.00 | 60,727,155.00 |
| ВКУПНО ТЕКОВНИ РАСХОДИ | | 8,955,138.00 | 45,637,641.00 | 54,592,779.00 | 12,159,674.00 | 280,235,784.00 | 292,395,458.00 |
| | | | | | | | |
| КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | | | | | | |
| 483 | КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ И КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА | 0.00 | 800,000.00 | 800,000.00 | 901,017.00 | 9,502,185.00 | 10,403,202.00 |
| 483 | КУПУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 649,518.00 | 8,210,315.00 | 8,859,833.00 |
| 481 | ОСНОВНО И СПЕЦИЈАЛНО ОДРЖУВАЊЕ | 400,000.00 | 0.00 | 400,000.00 | 1,523,992.00 | 16,039,325.00 | 17,563,317.00 |
| ВКУПНО КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 400,000.00 | 800,000.00 | 1,200,000.00 | 3,074,527.00 | 33,751,825.00 | 36,826,352.00 |
| | ПОМОШ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 0.00 | 107,000,000.00 | 107,000,000.00 | 0.00 | 85,539,439.00 | 85,539,439.00 |
| ВКУПНО ПОМОШ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | | 0.00 | 107,000,000.00 | 107,000,000.00 | 0.00 | 85,539,439.00 | 85,539,439.00 |
| | | | | | | | |
| ВКУПНО РАСХОДИ | | 17,345,018.00 | 155,812,177.00 | 173,157,195.00 | 21,179,401.00 | 403,036,623.00 | 424,216,024.00 |

Финансиска Служба
Жаклина Поповиќ

Генерален Секретар
д-р Саит Саити

| | | % |
|---|---|---|
| трансфери во ООЦК | 60,727,155.00 | 14.32 |
| тросоци за цетралата | 22,114,497.00 | 5.21 |
| тросоци од централата за ООЦК | 341,374,372.00 | 80.47 |
| вкупно | 424,216,024.00 | 100.00 |

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ ВО 2016







## РАСХОДИ ВО 2016






# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До:

Раководството на

ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" (во понатамошниот текст Организација), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2016 година, како и на Билансот на приходи и расходи и Извештајот за промени во деловниот фонд за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Приложените финансиски извештаи за 2016 година се состојат од извештаите за редовното работење на Организацијата како и извештаите за проектите: 1) Кампања за ХИВ/СИДА; 2) Австриски Црвен Крст; 3) Глобален фонд за одржување на ниска преваленца на ХИВ/СИДА во РМ; 4) Меѓународна федерација на Црвен Крст и Црвена Полумесечина; 5) Превземање акција на социјална инклузија на стари лица; 6) ДОТС Интервенции во РМ, 7) Промоција на хумани вредности, 8) Германски Црвен Крст, 9) Конкурентност на пазар на труд и извештаите за двата фонда: 1) Фонд за развој и 2) Фонд за солидарност, како и сметка за донации по електронски пат. Проектите се финансирани од посебни донатори и истите се реализираат преку посебни (наменски) подсметки на Организацијата. За нив Организацијата не изготвува посебни финансиски извештаи.

**Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи**

Менаџментот на Организацијата е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, изબирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

**Одговорност на ревизорот**

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама и грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**Мислење на ревизорот**

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ја прикажуваат реално и објективно во сите значајни аспекти, финансиската состојба на организацијата на ден 31 декември 2016, како и резултатите на нејзиното работење и промените во фондовите за годините кои завршуваат на тој ден, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Менаџментот на Организацијата е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со Законот за здруженија и фондации. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 Декември 2016 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", Скопје за годината која завршува на 31 Декември 2016 година.

Скопје, 6 март 2017 година

Друштво за ревизија БДО ДОО Скопје

Управител
Драган Димитров

Овластен ревизор
Звонко Кочовски

**WWW.REDCROSS.ORG.MK**

www.facebook.com/CrvenKrstNaRepublikaMakedonija

YouTube www.youtube.com/MacedonianRedCross